# ОПШТИНА ИЛИНДЕН





## ОТЧЕТ 2021-2025




## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ОД НОЕМВРИ 2021 ДО ЈУЛИ 2025 ГОДИНА






Дотации од буџет на РМ
и буџет на фондови
50%
Сопствени приходи
50%
Извори на
приходи
во буџет 2025 г.


Структура
на расходи
во буџет
2025 г.
Трансфери, субвенции и резерви 3%
Отплата на заем 1%
Плати и надоместоци 6%
Плати за вработените во училиштата и детската градинка 29%
Капитални расходи 42%
Трошоци за одржување на инфраструктурни објекти 6%
Тековни трошоци за работа на училиштата и детската градинка 9%
Тековни трошоци за работа на општината 4%


ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2015-2025 ГОДИНА
600.000.000,00
500.000.000,00
400.000.000,00
300.000.000,00
200.000.000,00
100.000.000,00
0,00
2015 301.075.229,00
2016 373.277.867,00
2017 259.223.737,00
2018 244.051.946,00
2019 340.664.432,00
2020 284.579.752,00
2021 403.451.245,00
2022 340.538.371,00
2023 415.631.383,00
2024 465.590.343,00
2025 547.480.000,00

# СОЗДАВАМЕ КВАЛИТЕТНА ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

**Почитувани,**

Пред вас е Извештајот за работењето на Општина Илинден и реализираните проекти од ноември 2021 година, односно од денот кога ми ја дадовте довербата да ја водам локалната самоуправа до јули 2025 година. Давањето Отчет за сработеното во изминатиот четиригодишен период е дел од нашите континуирани настојувања за поголема транспарентност и интерактивност со граѓаните, со единствена цел Општина Илинден да ја направиме пристојно и посакувано место за живеење. Место со создадени услови за модерно образование, подобри услови за стопанисување и воопшто, за подобар живот на сите нејзини граѓани.

На вас, почитувани сограѓани, е да дадете оценка колку успеавме или, не успеавме во тоа, но она што можам веднаш да кажам е дека сите наши капацитети, искуства и знаења беа насочени кон реализирање на проектите коишто си ги поставивме за своја цел, а ги имаше многу и тоа од областа на патната, комуналната и енергетската инфраструктура, образованието, животната средина, детската заштита, локалниот економски развој, културата, спортот. Ова се многу проекти со кои си го олеснуваме не само нашиот, туку и животот на идните генерации, на кои им создаваме квалитетна основа за побрз прогрес, побрз развој во сите сфери на општественото живеење.

**Почитувани,**

Континуирано работевме на реализацијата на капиталниот проект за подобрување на локалната патна инфраструктура при што извршивме реконструкција, рехабилитација и санација на 226 локални улици и патишта во вкупна должина од 45.000 метри или, приближно 205.000 метри квадратни, при што значително инвестиравме и во патната инфраструктура во локалните економски зони.

Продолживме со реализација на капиталниот проект за изградба на фекална канализација и пречистителни станици, особено во пониските делови од општинта, при што поставивме канализациски систем во должина од 23.000 метри.

Изградено е ново улично осветлување во должина од над 16.000 метри, извршено е проширување на водоводниот систем во вкупна должина од над 7.000 метри, а во рамките на проектот „Зелена Општина Илинден" засадени се над 130.000 садници на повеќе локации во општината.

Во областа на образованието, изградено е ново основно училиште, за првпат во општината е воведена целодневна настава, извршена е реконструкција на трите централни и петте подрачни основни училишта.

Изградени и предадени во употреба се новите простории, односно доградбата на централниот објект на детската градинка „Гоце Делчев", кој може да згрижува и до 60-тина дечиња. Со ова комплетно се решава проблемот со згрижување на деца во градинка на територијата на Општината, со што Општина Илинден е една од ретките општини во скопскиот регион коишто немаат проблем со згрижувањето на деца, а е со најголем прираст на население.

За првпат е воведено доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче, кои се со живеалиште



на подрачјето на Општината. За првпат се доделени субвенции за купување велосипеди, субвенции за купување инвертер клими или соларни панели, како и доделување на финансиска парична помош за поддршка на младите претприемачи. За оние коишто оствариле големи успеси во областа на спортот почнавме со доделување еднократна финансиска поддршка на спортистите.

**Почитувани,**

Поголемиот дел од реализираните проекти се токму на ваше барање, бидејќи вие ги дефиниравте како приоритетни. Оттука голема и искрена благодрност до Вас за вашата несебична поддршка, за сите ваши идеи, предлози, сугестии коишто заедно успеавме да ги преточиме во успешно реализирани проекти. Тоа е показател дека само така, со заеднички сили можеме да изградиме успешна Општина Илинден. Општина којашто успева да ги задржи младите создавајќи им услови за модерно образование, сигурни работни места и поквалитетен живот.

Сакам да ја искористам можноста и да искажам голема благодарност до Владата на Република Македонија и премиерот Христијан Мицкоски за поддршката за голем број на проекти. Голема благодарност до невладините организации и здруженија, бизнис секторот, месните заедници, до членовите на Советот на Општина Илинден, вработените во државниот и јавниот сектор, вработените во општинските претпријатија и во општинската администрација. Благодарност и до медиумите кои секогаш навремено информираа за реализацијата на сите проекти и настани што се случуваа во Општината.

Заедно ќе успееме, за доброто на Општина Илинден и сите нејзини граѓани.

**м-р Александар Георгиевски**
Градоначалник на Општина Илинден



СОВЕТ 2024 ГОДИНА

## СОВЕТ

Советот на Општина Илинден одржа 41 седница, при што се донесени 475 акти.

## ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во општинска администрација вработени се вкупно 34 лица. Од нив, 31 се вработени на неопределено време, а тројца на определено време.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно годишните планови за јавни набавки, плановите за измена и дополна на годишните планови за јавни набавки беа спроведени 138 постапки за јавни набавки, со што е реализирано 89,98 % од планираното.

## ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Легализирани се над 600 бесправно изградени објекти.

## ОДОБРЕНИЈА ЗА ГРАДБА

Издадени се над 350 одобренија за градба, како и 138 правосилни решенија за измени во текот на градба.

# ЕДНА ОД НАЈТРАНСПАРЕНТНИТЕ ОПШТИНИ

Според резултатите од истражувањето на Центарот за граѓански комуникации за мерење на степенот на активна транспарентност на државните институции за 2022 година, Општина Илинден беше меѓу најтранспарентните институции, чија активна транспарентност изнесуваше 95,7% од 100%. Со ваквиот процент, Општината се најде во групата институции со „многу добра“ активна транспарентност, односно исполнување на обврските од над 95% од 100%.

Од испитаните 98 државни институции, Општина Илинден беше рангирана на осмото место, а меѓу општините од скопскиот регион, се искачи меѓу најдобрите институции со многу добра активна транспарентност, односно рангирана на второто место.



СОВЕТ 2023 ГОДИНА

# ОБЕЗБЕДЕНИ ПОКВАЛИТЕТНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

За вработените во општинската администрација набавени се нови 25 компјутери, 7 принтери со скенери, 20 мобилни апарати и службени броеви. Исто така, набавен е нов УПС, нова инсталација, мрежа и нов сервер. По долги години се изврши и уредување и реновирање на работните простории, при што се олеснува работењето на вработените, а се подобруваат и услугите кон граѓаните. Извршено е оградување на дел од општинскиот паркинг.

За првпат откако постои Општината, во соработка со државниот архив извршен е целосен опис и попис на архивскиот материјал од трајна вредност, како и документарен материјал со кој располага Општината. Притоа, беа обработени вкупно 284 архивски кутии со архивски материјал од трајна вредност и 613 архивски кутии со документарен материјал со изминати рокови на чување, за кој беше добиена согласност од Државниот архив за негово уништување.






# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕТО НА БУЏЕТОТ

Преку посочување на приоритетните проекти во нивните населени места, граѓаните секоја година даваат значаен придонес во креирањето на буџетите за наредната година. Како дел од својата транспарентност, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и решавање на проблемите, во рамките на Отворениот ден на Општината, граѓаните ги презентираа своите идеи и предлози за формирање на Буџетот. Сите предлози и барања од граѓаните беа анализирани од стручните служби во Општината и согласно остварливите финансиски можности и издржливоста на проектите, истите се имплементирани во програмата за работа и Буџет за наредната година.

# ВОВЕДЕН ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ

Воведен е едношалтерски систем, каде што граѓаните можат да поднесат документи на едно место. Со овој нов поедноставен концепт, граѓаните на едно место можат да ги добијат сите информации како наједноставно да поднесат документ во делот на урбанизам, инспекторат, одделението за даноци, наплата на сметки од ЈКП „Водовод" и ЈКП „Илинден". Овој проект овозможува скратување на времето на граѓаните за вадење на потребните документи и плаќање на сметките за вода и комунални услуги.



# ИЗГРАДЕН НОВ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Во присуство на премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски, министерот за здравство, Азир Алиу, градоначалникот Александар Георгиевски, пратеници, директори, советници, како и голем број граѓани и претставници на локалните институции, свечено беше предаден во употреба новиот Здравствен дом во населба Илинден.



Овој објект претставува капитална инвестиција од големо значење за жителите на општината. Изграден е на две нивоа, со површина од околу 600 м², според највисоките современи стандарди и обезбедува примарна и специјалистичка здравствена заштита. Иако изградбата на здравствени установи не е директна надлежност на локалната самоуправа, Општина Илинден ја препозна потребата за ваков објект, па преку дијалог и соработка со граѓаните го реализира овој капитален објект.

Новиот здравствен дом значително ќе ги подобри условите за работа на здравствените работници, ќе отвори нови работни места и ќе обезбеди побрз пристап до





здравствена заштита, без потреба од патување до други општини.

За време на отворањето на Здравствениот дом, градоначалникот Георгиевски упати благодарност до сите коишто придонесоа за реализацијата на проектот, вклучувајќи ги Министерството за здравство, проектантите, изведувачите, граѓаните и институциите на централно ниво, а посебно до премиерот Мицкоски, кој ја поддржа оваа визија уште од самиот почеток.



# ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА ТУРИСТИЧКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „БУЧИНСКО ЕЗЕРО“

Во употреба е предадено новото спортско-рекреативно катче околу „Бучинското Езеро“ во населеното место Бучинци – целосно преуреден туристички локалитет кој нуди простор за одмор, спорт, релаксација, рекреација и дружење на отворено.



Просторот околу езерото е партерно уреден и поплочен со нови бекатон плочки, изградени се пешачка патека долга 60 метри, како и платформа за прошетка и одмор. Исто така, тампониран е и пристапен пат од 100 метри. А за љубителите на риболовот е изработена специјална платформа за риболов.

Местото е осветлено со нови енергетски ефикасни канделабри, поставени се урбани елементи како клупи за одмор и корпи за отпадоци, а централниот летниковец нуди пријатна сенка и простор за дружење и уживање. Сето ова, го прави „Бучинско езеро“ идеален простор за релаксација и рекреација во природните богатства на Општината.





# ИЗГРАДБА НА НОВ УРБАН ПАРК – ПЛОШТАД

Изградба на нов урбан парк со повеќе содржини во Марино. Паркот се наоѓа на потегот меѓу улиците „531“, „532“ и „534“, и зафаќа површина од околу 5.600 метри квадратни. Во состав на паркот освен неопходното партерно уредување, предвидено е поставување на улично осветлување, чешми, клупи, корпи за отпадоци, паркинг простор, пешачки патеки и сервисна улица. Урбаниот парк ќе содржи зона со зелена површина, отворен плоштад за прошетка и колективни настани, централно поставена фонтана и жардињери со цвеќиња, како и детско игралиште со реквизити, во кое ќе можат да уживаат и најмалите жители на општината.







# ПРВ РЕГИОНАЛЕН САЕМ „ЕКСПО ИЛИНДЕН 2025“

Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа првиот Регионален саем за економски развој – „ЕКСПО ИЛИНДЕН 2025“, кој го отворија градоначалникот Александар Георгиевски и заменик министерот за економија, Марјан Ристески.

На свеченото отворање присуствуваа и пратеничката Драгана Бојковска, советници од Советот на Општина Илинден, претставници од државни институции, директори на јавните претпријатија на општината, како и бројни претставници на стопанството, деловната заедница, домашни и странски инвеститори.

Станува збор за Регионлен саем чиј генерален покровител е Општина Илинден, а организатор Панекс Експо, што е фокусиран на промоција на економските можности на регионот. Целта на саемот е да се поврзат локалните бизниси, претприемачи, инвеститори и други клучни актери за стимулирање на економскиот развој и создавање нови можности за раст.

На саемот, во двата дена колку што траеше истиот, се претставија 40-тина компании од различни сектори, како што се од областа на индустријата, градежништвото, земјоделието, туризмот, угостителството и нови технологии. Саемот беше место за размена на идеи, контакти, искуства и проекти, токму она што му е потребно на современиот економски развој.

Општина Илинден веќе е препознаена како економски стабилна и перспективна средина, со над 800 активни деловни субјекти со седиште во Општината и развиена индустриска зона, а ваквите иницијативи се силен поттик за понатамошен раст, иновации и отворање нови работни места.





# ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

**За првпат е воведено доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче, кои што се со живеалиште на подрачјето на Општината. Изминативе години доделни се над 400 решенија за еднократна парична помош во висина од 5.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општината.**



# СУБВЕНЦИИ ЗА ИНВЕРТЕР КЛИМИ ИЛИ СОЛАРНИ ПАНЕЛИ

Доделени се 168 решенија за добивање еднократна парична помош за купување инвертер клими или соларни панели. Финансиската помош изнесува 50% од сумата за која е купена инвертер климата или соларниот панел, односно до максимум 10.000 денари по производ.

Субвенционирањето е воведено со цел да се стимулираат граѓаните на Општината (домаќинствата) за употреба на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување на своите домови, кои се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината.





# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИТЕ

Со цел да се поддржат и наградат спортистите кои оствариле големи успеси во делот на спортот, како и да се стимулираат останатите за постигнување големи победи на спортските натпревари, Општината за првпат почна со доделување на еднократна финансиска поддршка за спортисти коишто се нејзини жители.

Досега се доделени 65 решенија.

Оваа мерка содржи повеќе категории, а износот којшто го доделува Општината како финансиска поддршка изнесува, за прва категорија во висина до 130.000 денари, втора категорија - 120.000 денари, трета категорија - 90.000,00 денари, четврта категорија во висина до 60.000 денари и петта категорија - 30.000 денари.



# ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ

Еднократна парична помош за купување на велосипеди добија 193 граѓани со живеалиште на подрачјето на Општината коишто имаа поднесено барање за субвенции. Износот којшто го доделува Општината како финансиска помош изнесува 50% од сумата за која што е купен велосипедот или максимум до 4.000 денари по велосипед.

Субвенционирањето за купување велосипеди има за цел да ги стимулира граѓаните почесто да ги користат велосипедите и велосипедските патеки и заеднички да се придонесе за поздрава и почиста животна средина и здрави навики за живеење.

# ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ

Секоја година се доделува еднократна финансиска помош од 6.000 денари за младите претприемачи со навршени најмногу 34 години, коишто регистрирале трговско друштво согласно законот во Централен регистар за трговски друштва и други правни лица со седиште на територијата на Општината. Оваа помош Општината ја доделува со цел поддршка на младите претприемачи, а согласно Програмата за финансиска поддршка на целни групи граѓани, млади претприемачи чиј бизнис е со седиште на територија на Општината.

# ИЗГРАДЕН И ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА НОВ ДЕЛ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Изградени и предадени во употреба се новите простории, односно доградбата на централниот објект на детската градинка „Гоце Делчев“. На свеченото отворање на новоизградениот дел покрај Градоначалникот присуствуваа и премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски, министерот за социјална политика, демографија и млади Фатмир Лимани, пратеници и советници.

Новиот дел од градинката е со површина од 300 метри квадратни, се состои од две затворени и две отворени занимални (тераси), посебен влез со хол, тријажа и чајна кујна. Во овој дел од градинката се сместени најмалите дечиња, односно јаслените групи, но со можност во иднина тука да се згрижуваат дечиња од сите возрасти, односно до 6 годишна возраст, така што, согласно потребите, може да згрижува и до 60-тина дечиња.

Со пуштањето во употреба на новиот дел од гра-







динката комплетно се решава проблемот со згрижување на деца во градинка на територијата на Општината, со што Општината е една од ретките општини во скопскиот регион кои немаат проблем со згрижувањето на деца, а е со најголем прираст на население.

Изградбата на објектот траеше околу девет месеци и беше реализирана со средства комплетно обезбедени од Буџетот на Општината, додека опремата е обезбедена од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Детската градинка има капацитет за згрижување на вкупно 560 деца.



# СЕ ГРАДИ НОВА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА И СЕ ПРОШИРУВААТ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАДИНКАТА

Почна изградбата на современа централна кујна во детската градинка „Гоце Делчев", проект кој ќе донесе значајни подобрувања во грижата за најмладите жители. На отпочнувањето на изградбата присуствуваа градоначалникот Александар Георгиевски, заменик министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски, како и пратеничката Драгана Бојковска.

Новата кујна, со површина од 150 квадратни метри, ќе биде опремена според највисоките санитарни и технички стандарди, со капацитет да подготвува над 600 оброци дневно. Освен за потребите на градинката, ќе се овозможи снабдување оброци и за основните училишта во Општината, особено оние со продолжен престој.

Паралелно со оваа инвестиција, Општината



отвора и нов простор за згрижување деца. Старата кујна ќе се пренамени во две нови занимални, со што капацитетот на градинката ќе се прошири на 650 деца.

# ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА

**Интензивно се работеше на изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на локалните улици и патишта, како еден од главните услови што придонесуваат за одржлив локален економски и социјален развој, поголема безбедност на учесниците во сообраќајот и воопшто подобри услови за живеење и поквалитетен живот на сите жители на Општината.**

**Изградени, реконструирани, санирани и рехабилитирани се 226 локални улици и патишта, во вкупна должина од 45.000 метри или приближно 205.000 метри квадратни.**

**Големиот број на инвестиции и секојдневното отворање на нови работни места придонесоа во Општина Илинден, за разлика од многу други општини во земјата, да се случува прираст на населението, а со тоа и зголемена фреквенција на сообраќајот. Сето ова условуваше еден од приоритетите да биде континуираното вложување во подобрувањето на патната инфраструктура, односно во изградбата на патишта, улици, пешачки и велосипедски патеки, а со самото тоа и создавање на поквалитетни услови за влез на нови инвестиции.**

- Реализиран е капиталниот проект за комплетна реконструкција на локалниот пат, улица „532“ со должина од 1.880 метри и широчина од 6 метри, како и изградба на тротоар со широчина од 1,5 метри. Реконструкцијата на овој фреквентен локален пат е од огромно значење за Општината бидејќи претставува главна сообраќајна конекција меѓу населените места Илинден, Марино и Кадино, како и единствен влез во една од најголемите локални економски зони во Општина Илинден, економската зона Марино-Кадино. Истовремено, овој локален пат претставува и конекција со средното општинско стручно училиште „Илинден“, детската градинка „Гоце Делчев“, Домот на култура „Марино“, како и за повеќе објекти од јавен карактер, потоа фудбалските терени во населените места Марино и Кадино, како и пешачко велосипедската патека којашто се простира по целата должина на локалниот пат, улица „532“, која секојдневно ја користат повеќе стотици граѓани.






# ИЗГРАДЕН НОВ КРУЖЕН ТЕК НА ВЛЕЗОТ ВО ОПШТИНАТА

- Новиот кружен тек се наоѓа на важна крстосница кој ги опфаќа главните улици „2“, „8“, „9“ и новопроектираната улица „10“ на влезот во Општината. Со изградбата на овој кружен тек се намалува сообраќајниот метеж во овој фреквентен дел од Општината, а воедно се зголемува безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Притоа околу кружниот тек и на дел од составот на улиците „8“ и „9“ изграден е и тротоар во должина од 180 метри. Исто така извршено е партерно и хортикултурно уредување како и јавно осветлување на просторот.

## АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИТЕ „101“, „109“, „119“ И „120“ ВО ЈАКА

- Извршено е комплетно асфалтирање на улиците „101“, „109“, „119“ и „120“ во населба Јака.

На улицата „101“ изграден е коловоз во должина од 220 метри и широчина од 5 метри, како и тротоар со широчина од 1,5 метри од едната страна. Улицата „109“ е со должина од 430 метри и пешачка патека во должина од 350 метри.





Улицата „119“ е со вкупна должина од 550 метри, тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри, со изграден систем за прифаќање на атмосферските води од коловозот, додека улицата „120“ е со вкупна должина од 350 метри и тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри.

Изградбата на улиците „119“ и „120“ се дел од проектите коишто ги финансира Владата.



- Извршена е реконструкција и асфалтирање на локалниот пат Миладиновци-Бујковци во должина од 1.500 и широчина од 5.5 метри. Со реконструкцијата на овој локален пат се реши и одведувањето на водите од коловозот кои во минатото претставуваа главна причина за оштетување на патот.




- Санирана е раскрсницата Кадино-Бунарџик-Миладиновци во должина од околу 200 метри, при што се изврши целосна замена на тампонската подконструкција на патот и поставен е нов асфалтен слој. Оваа раскрсница е клучна во функционирањето на патниот сообраќај затоа што ги поврзува сите населени места во Општината и на истата се одвива многу интензивен сообраќај.

- Извршено е комплетно реконструирање на главната улица во н.м. Бунарџик во вкупна должина од околу 650 метри. Изградени се отворени одводни канали за зафаќање на атмосферската вода, а на неколку локации во трупот на патот поставени се цевасти пропусти со цел да се прифатат површинската и високото ниво на подземни води. Оваа улица е од големо значење за жителите на ова населено место, бидејќи ги поврзува подрачното основно училиште „Ристо Крле“, Домот на култура со детското игралиште, како и централното игралиште за мал фудбал.



- Асфалтиран е дел од улица „11“ во Кадино, во должина од околу 300 метри и широчина од 5.5 метри. Покрај коловозот изградена е пешачка патека со широчина од 1.5 метри. Дополнително се асфалтирани краци на улица „7“ во должина од 400 метри.





- Комплетно е реконструиран и асфалтиран со два слоја асфалт локалниот пат Илинден-Хиподром во должина од околу 700 метри. Поставени се рабници, како и цевки за одведување на атмосферските води од коловозот. Овој локален пат е од големо значење за жителите, затоа што ја поврзува Општината со Скопје, со локалната економска зона и е главна артерија за јавниот превоз во Општината.

# КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „9“ И УЛИЦА „532“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

**Извршено е асфалтирање на коловозот со два слоја на асфалт во должина од 815 метри и широчина од шест метри. Притоа, од едната страна на улицата асфалтиран е тротоар во должина од 500 метри, додека од другата страна изградена е пешачка патека со бекатон плочки во должина од 450 метри и широчина од два метри, како и прифаќање на атмосферските води од коловозот.**

**Улицата е од големо значење за жителите на Општината бидејќи претставува главна сообраќајница што ги поврзува сите населни места. Нејзината комплетна реконструкцијата значително ја подобрува патната сообраќајна инфраструктура во општината особено поврзувањето на јавните општински установи што ги поврзува оваа улица, односно спортската сала, средното општинско училиште и детската градинка.**





# АСФАЛТИРАН ЛОКАЛНИОТ ПАТ КАДИНО – МРАЛИНО ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ

Со реконструкцијата на оваа улица на која е воспоставен систем за одведување на атмосферските води од коловозот како и изградба на тротоар се овозможува поголема безбедност на учесниците во сообраќајот и се подобрува секојдневната комуникација на граѓаните од овие населени места со административниот дел на Општината, со што значително се намалува времетраењето на патувањето до нивните работни места.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „8“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Со поставување на втор асфалтен слој на улица „8“ во должина од 500 и широчина од 6 метри се комплетираше реконструкцијата на една од главните сообраќајници во населба Илинден. Со активностите беше опфатено асфалтирање во два слоја на улицата, изградба на нов тротоар во должина од 550 метри и широчина од 1,5 метри, изградба на атмосферска канализација за прифаќање и одведување на водите од коловозот на улицата како и изградба на делови од фекална канализација за зафаќање и одведување на фекалните води од домаќинствата во главниот колекторски систем.

Реализацијата на втората фаза од овој проект е со финансиски средства од буџетот на Општина Илинден и заедно со претходно реализираниот дел за реконструкција на улица „8“ во соработка со Министерството за транспорт и врски и Светска банка севкупно се изврши реконструкција на улицата во должина од 1.000 метри, со нов тротоар од 850 метри и реконструкција на постоечки тротоар во должина од 250 метри.



## АСФАЛТИРАНИ СЕ УЛИЦИТЕ „15“ И „13“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

- Целосно е асфалтирана улицата „15“ во населба Илинден, со вкупна должина од 270 метри и широчина од 5,5 метри.

  По целата должина на улицата се изградени тротоар и систем за одведување на атмосферски води, со поставување цевасти пропусти.



- Извршено е асфалтирање на улица „13“ во населба Илинден во должина од околу 300 метри, и широчина од 4 метри. Покрај асфалтирањето со градежните работи на улицата е опфатено и одведување на атмосферските води.



## АСФАЛТИРАН Е ЛОКАЛЕН ПАТ ВО МИЛАДИНОВЦИ



Извршена е целосна санација и асфалтирање на локалниот пристапен пат до гробиштата во населено место Миладиновци во вкупна должина од околу 700 метри, како и изградба на паркинг за возила. Асфалтирањето на овој локален пат е реализација на едно од барањата на граѓаните од населено место Миладиновци. Истовремено, извршена е реконструкција на крак на улица „10“ во должина од 150 метри и крак на улица „8“ во должина од 160 метри во истото населено место.

- Во населба Илинден асфалтирана е улица „32“ во должина од 700 метри.



## ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ И СЕРВИСНА УЛИЦА „500“ ВО МАРИНО

Почна реализацијата на еден од капиталните инфраструктурни проекти – изградба на нов плочест мост и сервисна улица „500“ во Марино.

Проектот предвидува изградба на мост со коловоз широк 6 метри и тротоари од по 1,5 метри од двете страни, со што ќе се обезбеди безбедно и непречено движење на пешаците и возилата. Покрај мостот, ќе се гради и нова сервисна улица во должина од 260 метри, со коловоз широк 5,5 метри и тротоари на двете страни. Дополнително, проектот опфаќа и изградба на систем за собирање и одведување на фекални отпадни води, односно поставување фекална канализација за објектите што гравитираат кон оваа улица – што претставува значаен придонес кон подобрување на инфраструктурата и условите за живот во овој дел од општината.

Со изградбата на новиот мост и улицата ќе се изврши спојување на веќе изградената улица „119“ во населбата Јака, со што оваа населба со над 330 домаќинства ќе се поврзе со централниот дел на Општината.

- Реализацијата на овие проекти се 70% финансирани од Владата на РМ, а 30% од Буџетот на Општина Илинден.
- Извршено е асфалтирање на улица „409“ во должина од 220 метри и улица „410“ во должина од 240 метри. Истовремено, извршено е асфалтирање на краци на улица „500“ и „531“ во должина од 600 метри во Марино.
- Асфалтиран е коловозот на главниот локален пат во населено место Мралино во должина од 730 метри и широчина од 5 метри, при што е изградена и нова пешачка патека со истата должина и широчина од 1,5 метри.



# ИЗГРАДБА НА ПАТНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ

**Во рамките на изградбата, реконструкцијата, санацијата и рехабилитацијата на локалните улици и патишта посебен акцент беше ставен на подобрувањето на локалната патна инфраструктура во локалните економски зони.**

**Со цел создавање подобри  услови за стопанисување на бизнис секторот, а со тоа и обезбедување на нови инвестиции и отворање на нови работни места, во партнерство со општествено одговорни компании реализирани се повеќе проекти во оваа област.**



- Во координација со општествено  одговорните компании „Ред шпед“ и „Техотранс“ изградена е нова улица „9“ и дел од улица „16“ во Стопански комплекс Илинден во должина од 360 метри и широчина од седум метри, со тротоар од 1,5 метри.



- **Во соработка со општествено одговорни компании во рамките на акцијата „Градежна офанзива“ во локалната економска зона Ограѓе изградена е нова индустриска улица во должина од 360 метри, со широчина од 7 метри, како и тротоар во должина на улицата со широчина од 1,5 метри. Изградена е атмосферска канализација, како и нова линија на улично осветлување со модерни канделабри.**



- Комплетно е асфалтирана улица „24“ во населба Илинден во должина од 620 метри и широчина од 6 метри, со рабници, во соработка со општествено одговорни компании „Вичишки“ и „КАЗ Груп“.

---

- **Асфалтирана е улица „36“ во локалната економска зона „Карагач“ во населба Илинден, улицата е во должина од 680 метри и широчина од 6 метри коловоз.**

Оваа улица е од големо значење бидејќи претставува главна сообраќајница за локалната економска зона „Карагач“ и ги поврзува населените места Ајватовци, Бунарџик, Бучинци, Мршевци, Бујковци и останатите населени места со населба Илинден.



- **Асфалт доби новата улица „6“ во локалната економска зона Ограѓе, во населба Илинден, во должина од 120 метри и широчина 5,5 метри. По целата должина на улицата од двете страни изградена е и пешачка патека во широчина од 2,5 метри**

Станува збор за сервисна улица со која се поврзува новото подрачно основно училиште „Гоце Делчев“ и Домот за стари лица што е во интензивна градба, но е од големо значење и за функционалноста на стопанските субјекти што се наоѓаат во овој дел на населба Илинден.

Овој проект се реализираше во соработка со компанијата „АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ“ - Скопје, којашто како општествено одговорна компанија учествува во реализацијата на градежните работи на терен.



- Со цел за поуспешно функционирање на бизнис секторот асфалтирана е улица „6“, со должина од 150 метри во стопански комплекс „Илинден“.



- Во Стопански комплекс Илинден, во соработка со општествено одговорната компанија „Вичишки“ изграден е дел од улица „5“ во должина од 150 метри и дел од улица „6“, во должина од 120 метри и широчина од 5,5 метри.



- **Изградена и асфалтирана е улица „5“ во Стопански комплекс Илинден во должина од 110 метри**

Изградбата на оваа улица е од големо значење за секојдневното функционирање на локалните компании коишто гравитираат во тој дел на економската зона.




- **Целосно е реконструирана и асфалтирана улица „11“ во Стопански комплекс Илинден, во должина од околу 600 метри**

Оваа улица е од големо значење бидејќи претставува главна сообраќајна конекција во индустриската зона каде што гравитираат голем дел од компаниите.

- Во соработка со општествено одговорната компанија „Деус ББ“ во локалната економска зона Ограѓе изградена е новопланираната улица „10“, во должина од 100 метри и широчина од 5,5 метри.

- **Асфалтиран е спојот на улица „10“ и улица „1“ во локалната економска зона Ограѓе, во населба Илинден**

Станува збор за доста важен дел од овие две улици, затоа што е од големо значење за функционалноста на стопанските субјекти коишто се наоѓаат во овој дел на локалната економска зона Ограѓе, како и за растоварување на утринскиот сообраќаен метеж кај новото подрачно основно училиште „Гоце Делчев“. Покрај асфалтирањето на овој дел поставени се и цевки под коловозот со цел одведување на атмосферските води.



# ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

**Во рамките на проектот за подобрување на безбедноста во сообраќајот, патна сигнализација и пешачки патеки, извршено е поставување на хоризонтална сообраќајна сигнализација на повеќе сообраќајници, во вкупна должина од 100 километри. Обележани се 78 пешачки премини, поставени се 150 сообраќајни знаци, како и 11 нови сферни огледала. Поставени се 10 успорувачи, односно сегменти за намалување на брзината на сите возила вклучени во сообраќајот.**





- Во соработка со ЈП „Македонски железници и инфраструктура“ реконструирани се трите патни железнички премини Илинден, Миладиновци и Дељадровци. Премините се комплетно реконструирани со елементи од рециклирана гума според највисоки стандарди



- На мостот на локалниот пат Кадино-Миладиновци поставена е заштитна ограда од двете страни, со вкупна должина од 50 метри. Дополнително, поставена е флуоресцентна патна сигнализација долж целиот потег, како и флуоресцентна лента по должината на мостот.







# ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ТРОТОАРИ

**Со цел подобрување на безбедноста на пешаците и на велосипедистите како најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот, континуирано се работеше на изградба на нови пешачки и велосипедски патеки.**

**Изградени се пешачки патеки и тротоари во должина од 8.000 метри.**



- Изграден е тротоар на улица „2“ (по железничкиот премин) во населба Илинден, во должина од 100 метри.
- Во населба Илинден изградена е пешачка патека во должина од над 400 метри и широчина од 1,8 метри, којашто се протега од влезот на новото основно училиште во Илинден по улицата „2“, се до раскрсницата на улиците „8“ и „9“.



- Во Мралино е изградена пешачка патека во должина од 730 метри.
- На потегот Кадино-Мралино изградена е нова пешачка патека во должина од 350 метри.





- Од влезот на Миладиновци, па се до паркот со споменикот на Васил Аџаларски изградена е пешачка патека во должина од 850 метри.



- На улица „532“ во Марино изграден е тротоар во должина од 800 метри.
- Изграден е тротоар на улица „10“ во локалитет Ограѓе во должина од 500 метри.



- Изградена е нова пешачка патека на улица „8“ во населба Илинден, во должина од 900 метри.
- Асфалтирана е пешачката патека на улица „2“ во населба Илинден, во должина од 620 метри и широчина од 1,5 метри, која се наоѓа на една од најфреквентните делници и се протега од надвозникот на влезот во Општината се до кружниот тек.

- Изградена е трим патека која се протега од Ајватовци до Бучинци, во должина од околу 5 километри. Патеката на која се поставени информативни табли, летниковци за одмор на граѓаните, клупи и корпи за отпадоци е наменета за пешачење, рекреација, како и планински велосипедизам.



- Изградена е нова пешачка патека на улица „2“ во должина од 350 метри која се протега преку надвозникот на влезот во Општината. Поставена е и нова заштитна безбедносна ограда.



# КОНТИНУИРАНО ЧИСТЕЊЕ, НИВЕЛИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА



**Во насока на овозможување непречен проток на атмосферските води долж каналската мрежа и спречување на настанување поплави, а со тоа и заштита на имотите на граѓаните, континуирано се одржуваат, чистат и нивелираат главните, секундарните и терцијалните отворени одводни канали на територијата на општината, што се во должина од 120 километри.**

**Во соработка со Водостопанство „Скопско Поле“, ЈКП „Илинден“, општествено одговорни компании и граѓаните исчистени се 110 километри отворени одводни канали. Со тоа директно се влијаеше на подбрувањето на животната средина, која е еден од условите за квалитетен живот на населението.**











- Граѓаните се ослободени од обврската за плаќање на воден надоместок за одводнување. Обврската за редовното одржување, чистење и нивелирање на отворените одводни канали во име на граѓаните како корисници на овие објекти од јавен интерес ја плаќа Општината.

**ИЛИНДЕН - СВЕТЛА ОПШТИНА**

# ПРОШИРУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ



**Во рамките на проектот „Илинден-Светла Општина“, интензивно се работеше на проширување и реконструкција на мрежата за јавно осветлување со поставување на нови линии на улиците во сите населени места, поставување на електрични столбови, зголемување на бројот на електрични светилки и тековно одржување на јавното осветлување, како и на интервенции за отстранување на прегорените со нови штедливи светилки.**

**ПОСТАВЕНИ СЕ НОВИ ЛИНИИ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД НАД 18.000 МЕТРИ**

- Поставена е нова линија за улично осветлување на влезот во Бучинци, во должина од 400 метри, како и нова линија од 50 метри, на една споредна улица во ова населено место. Во ова населено место ново осветлување доби и улица „1“ во должина од 50 метри, улица „4“ во должина од 630 метри, детското игралиште, како и пешачката патека на Бучинско езеро.
- Во Ајватовци поставена е нова линија на улично осветлување со штедливи лед све-



тилки, во должина од 600 метри. Осветлен е влезот на улица „1“ во ова населено место, како и краците на истата улица во должина од 220 метри. Исто така, осветлување добија и улиците „1“ и „2“ во должина од 230 метри.

- Нова линија за улично осветлување е поставена во населба Илинден на улица „7“, „8“, „9“, „534“, како и на улица „19“ во вкупна должина од 600 метри. Во оваа населба поставена е нова линија и на улиците „7“, „9“, „12“, и „30“, во вкупна должина од 180 метри, како и на улиците „2“, „6“ и „19“ во должина од 660 метри.





- Во населбата Јака поставено е улично осветлување на дел од улиците „103“, „112“, „114“, „116“ и дел од улица „118“ во должина од 1.300 метри. Нова линија е поставена и на улица „108“ во должина од 300 метри, како и на дел од улица „6“ и „18“ во должина од 200 метри.
- Во Марино улицата „540“ доби улично осветлување во должина од 200 метри, улицата „533“ во должина од 100 метри. Улично осветлување е поставено и на улица „399“ во должина од 100 метри. На улица „500“, како и на краците од оваа улица и улица „540“ во ова населено место, поставена е линија во должина од 650 метри.





**Во соработка со ЕВН континуирано се работеше на подобрување на електроенергетската мрежа и напојување, со што се добива квалитетен и стабилен напон на електричната енергија на територијата на целата општина. Ова е од исклучително значење за развојот на општината и квалитетот на живеење на граѓаните.**

- Нова линија на улично осветлување е поставено на влезот во Миладиновци во должина од 300 метри, на улица „1“ поставена е нова линија на улично осветлување во должина од 100 метри, а на улица „2“ во должина од 130 метри. Нови линии се поставени на улиците „4“, „8“ и „10“ во должина од 300 метри.
- Улиците „3“ и „7“ во Кадино добија осветлување во должина од 570 метри, а нова линија е поставена и на улица „8“ во должина од 300 метри.
- Во Дељадровци на улица „2“ и нејзините краци поставено е улично осветлување во должина од 460 метри, а на улица „1“ нова линија во должина од 180 метри
- Во Бујковци на улица „6“ е поставена нова линија на улично осветлување во должина од 250 метри
- На улица „1“ во Мршевци поставена е линија во должина од 300 метри
- Кај спортскиот терен за кошарка во Мралино поставена е линија на улично осветлување во должина од 80 метри. Нова линија е поставена и на улица „1“ и на улица „5“ во должина од 250 метри.





**Поставена е нова линија за улично осветлување во делот кај мостот на локалниот пат Кадино-Миладиновци во должина од 500 метри. Поставени се метални столбови со лед светилки, соодветни сообраќајни знаци и метална заштитна ограда од двете страни на мостот.**








# МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Обезбедување квалитетни и ефикасни комунални услуги за потребите на граѓаните, беа причина за континуирано опремување и модернизирање на општинските јавни претпријатија. Со обновувањето на опремата се овозможи побрза, поефикасна и поквалитетна комунална јавна услуга за жителите, а сето ова придонесе Општината да биде една од најчистите општини во државата и регионот.**




- Возниот парк на ЈКП „Водовод“ е збогатен со ново возило - цистерна за фекални отпадни води со капацитет од 5 м³. Претпријатието во моментот стопанисува со приближно 50 километри фекална канализациска мрежа, а со набавката на оваа цистерна значително ќе се подобри квалитетот на услугите на ова претпријатие.
- Набавена е нова специјална градежна машина-ровокопач.
- Во насока на обновување на стариот и дотраен возен парк на ЈКП „Илинден“ набавени се две специјални комунални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад од 20 м³ и од 21 м³.
- Набавено е специјално возило за собирање на комунален отпад со капацитет од 7 м³.










- Набавени се две нови специјални комунални возила – подигнувач на контејнери со капацитет од 5.5м$^3$, со што се овозможува вработените во ЈКП „Илинден“ подобро и поефикасно да ги извршуваат своите работни должности.

- Во насока на навремено и брзо одржување на канализациските системи и подобрување на квалитетот на комуналните услуги, како и обезбедување на самостојност во работата, набавена е машина со која се пробиваат запушените канализации. Со ова се решава повеќегодишниот проблем и истовремено се намалуваат трошоците кои јавното претпријатие ги имаше со ангажирање на надворешни фирми за услуги во пробивање на запушувањата на канализациските линии.








# НАБАВЕНА Е РАБОТНА МАШИНА ЗА КОСЕЊЕ И ПОТСЕКУВАЊЕ НА ВЕГЕТАЦИЈАТА (МУЛЧЕР)

За поквалитетно одржување на јавната чистота, одржување на јавните зелени површини набавена е работна машина, трактор со приклучна механизација, телескопска рака за косење и потсекување на вегетацијата (мулчер). Машината ќе се користи за чистење на локалните патишта од вегетација, со што ќе се придоинесе за зголемување на безбедноста во сообраќајот, како и отстранување на покрупната вегетација на тешко пристапни места.




- За поквалитетно одржување на јавната чистота, одржување на јавните зелени површини и паркови набавена е професионална опрема: моторни коси-тримери, бензински косилки, моторни дувалки, телескопска пила, моторни ножици за кроење на жива ограда, тракторска косилка...

**Извршена е набавка на:**

- 57 метални контејнери со капацитет од 1,1 м³.
- 10 метални контејнери од 5.5 м³.
- 98 пластични контејнери за одлагање на отпад од 1,1 м³.
- 780 пластични канти за времено одлагање на отпад со капацитет од 120 литри.
- 90 пластични канти за времено одлагање на отпад со капацитет од 240 литри.






- 45 урбани канти за поставување на јавни површини (паркови, тротоари, пешачки патеки, детски игралишта и сл.).
- Согласно законските обврски кои произлегуваат од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, на 12 локации низ Општината поставени се специјализирани контејнери наменети за електричен и електронски отпад.









# ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

**Изградбата на фекална канализација за прифаќање, третман и одведување на отпадните фекални води од домаќинствата и од стопанските објекти беше еден од приоритетните капитални проекти на локалната самоуправа во насока на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, зачувување на здравата животна средина, што е истовремено и од големо значење за локалниот економски развој.**

**Интензивно се работеше на изградба на пречистителни станици, канализациски системи и препумпни уреди, а приоритет во изградбата имаа пониските делови од Општината, каде што е повисоко нивото на подземните води. Паралелно со изградбата на новата канализациска мрежа во должина од над 23.000 метри се продолжи со приклучување на домаќинствата и стопанските субјекти на фекалната канализација.**

**Вложувањата во комуналната инфраструктура е од стратегиско значење за Општина Илинден.**





## ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА ПУМПНА СТАНИЦА И СПОЈОТ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ИЛИНДЕН-МАРИНО

Во употреба е пуштена пумпна станица и спојот на колекторскиот систем за Илинден и Марино. Поврзувањето се изврши на претходно веќе изградениот лев и десен колектор за фекална канализација што е во вкупна должина од 10 километри и минува по должината на Главниот отворен одводен канал, од влезот на населба Илинден до излезот на населеното место Марино. Спојот на двата колектори се изврши со изведување на градежни работи под нивото на отворениот одводен канал што претставуваше специфичен и тежок зафат за работа со што отпадните фекални води од двата колектора се зафатија во еден препумпен уред и истите со потисен цевковод се изнесоа надвор од населените места, кон делот каде што ќе се гради нова пречистителна станица.

Овој проект е од капитално значење за Општината, бидејќи со неговата реализација се решава зафаќањето, одводнувањето и третманот на отпадните фекални води со што се овозможува приклучување на 1.130 домаќинства, како и повеќе стопански субјекти и јавни општински установи.



# ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН ИЗГРАДЕНИ СЕ 8.615 МЕТРИ ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Изграден е колекторски систем за фекална канализација за Илинден и Марино во должина од 2.500 метри од левата страна на колекторот.
- Изработена е нова комплетна техничка документација по што почна да се гради нов колекторски систем во должина од 4.200 метри со кој се опфатени повеќе од 400 домаќинства во месноста викана „Плац“.



- Изградена е нова линија за одведување на отпадни фекални води од два крака од улица „9“, во должина од околу 400 метри.
- Изградена е фекална канализација на улица „9“ во близина на општинската зграда во должина од околу 150 метри.
- Изградена е нова линија на фекална канализација на улица „11“, во должина од 300 метри.
- На крак од улица „9“, на улица „11“ и на локалитетот Ограѓе поставена е канализација во вкупна должина од 554 метри.
- Изградена е фекална канализациска линија во локалитетот Ограѓе, во должина од околу 750 метри со којашто се опфатени модуларното училиште и правните субјекти што се дел од овој локалитет.
- Во месноста Ограѓе изградена е примарна мрежа за фекална канализација во должина од 960 метри, при што се опфатени домаќинствата од улица „3“, улица „5“, улица „7“ и дел од улица „2“. Оваа мрежа на фекална канализација ќе се поврзи со пречистителната станица.





# ПУШТЕНА Е ВО УПОТРЕБА НОВА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Во населба Илинден во употреба е пуштена нова пречистителна станица со капацитет од 1.250 еквивалент/жители со можност да опслужува приближно 330 домаќинства. На оваа пречистителна станица покрај домаќинствата, дополнително се приклучени и стопанските објекти од локалната економска зона Ограѓе, како и новоизграденото основно училиште „Гоце Делчев“.

## ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО МАРИНО ИЗГРАДЕНИ СЕ 9.630 МЕТРИ ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Изградена е канализациска линија во должина од околу 450 метри на која се поврзуваат домаќинствата од улица „500“.
- Изградена е линија за фекална канализација на ул. „500“, во вкупна должина од околу 400 метри.
- На улиците „400“, „409“, „410“ и „500“ изградена е канализациска линија во вкупна должина од 903 метри.
- Изграден е спој на фекални колектори со потисен цевковод во должина од 310 метри.







- Во населба Јака изграден е препумпен уред и фекална канализација во вкупна должина од 7.050 метри. Со неа се опфатени сите домаќинства од тој дел на Општината.

## ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО КАДИНО ИЗГРАДЕНИ СЕ 3.740 МЕТРИ ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Се изгради примарна мрежа со припадни краци на фекалната канализација за дел од ова населено место во вкупна должина од околу 3.100 метри за приклучување на околу 100 домаќинства.
- Се гради примарна мрежа со припадни краци на фекалната канализација за дел од населеното место Кадино К4, при што досега се изградени вкупно 520 метри.
- Поставена е линија за фекална канализација во должина од околу 120 метри, со која се опфатени корисниците од улица „7“, припадна површина 3.



# ПРЕДАДЕНА ВО УПОТРЕБА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ВО КАДИНО

Во употреба е предадена пречистителна станица во Кадино, припадна површина 3, која е со капацитет за 1.250 еквивалент/жители. Со изградбата на пречистителната станица се овозможи да се зафатат отпадните води од над 300 домаќинства и стопански субјекти.





# ИЗГОТВЕНА Е ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД МИЛАДИНОВЦИ

Изработена е и презентирана пред граѓаните проектна документација за изградба на фекална канализација за дел од Миладиновци. Граѓаните беа детално запознаени за техничките карактеристики, начинот на поврзување и изведба на фекалната канализација за дел од Миладиновци каде што нема фекална канализација.

Со овој проект е опфатена комплетна изградба на фекална канализација со приклучок до секое домаќинство, односно граѓаните ќе бидат поврзани со мрежа до своите домови. Станува збор за мрежа во должина од 4500 метри, распределена на три краци и еден препумпен уред со којашто ќе се опфатат повеќе од 500 домаќинства.

Со техничкото решение е предвидено оваа фекална канализација да се поврзе со веќе изградените два препумпни уреда и отпадните води од Миладиновци да се поврзат со веќе постоечката пречистителна станица што се наоѓа надвор од Миладиновци и истата треба да се доопреми во наредниот период.

# ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО МИЛАДИНОВЦИ

- Поставени се два препумпни уреда на линијата за фекална канализација во Миладиновци коишто функционираат во насока на одведување на отпадните води од околу 400 домаќинства кон пречистителната станица.
- Изграден е колекторски систем во должина од 450 метри.

**Општина Илинден донесе одлука за намалување на надоместокот за поставување на приклучок на фекална канализација Блок 32 КО Марино, каде што од 29.950 денари цената за оваа услуга се намалува на 12.000 денари.**

# МОДЕРНИЗИРАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ



**Континуираното проширување и модернизирање на системот за водоснабдување, како и обезбедувањето стабилен и оптимален притисок на чиста, квалитетна и здрава вода за пиење е еден од главните приоритети во работењето на локалната самоуправа. Во рамките на реализацијата на проектот „Модернизирање и проширување на водоводниот систем", јавното комунално претпријатие „Водовод" во континуитет се опремуваше со најмодерна опрема со која се нуди квалитетна и брза услуга за граѓаните.**

**Поради приклучување на нови корисници, нови физички и правни лица во населените места во Општината, поставена е нова водоводна мрежа во должина од 8.000 метри. Со ова вкупната должина на водоводна мрежа во Општината изнесува 232.447 метри.**

**Проширувањето на водоводната мрежа беше извршено во повеќе населени места Бунарџик, Миладиновци, Мралино, Ајватовци, Кадино, Марино, Дељадровци, како и населба Илинден.**



- Извршена е реконструкција на главната водоводна мрежа на потегот Марино – Кадино во должина од околу 600 метри. На овој потег се изврши замена на старите ПВЦ со нови полиетиленски цевки.



- Во локалитетот Јака изграден е нов 400 метри доводен цевковод за поврзување на водоводната линија во локалитетот Јака со примарната водоводна линија во Марино, како и цевковод со дијаметар Ø110 во должина од 704 метри за поставување на водоводни приклучоци. Со ова се обезбеди поголем квалитет во водоснабдувањето и се реши повеќегодишниот проблем со недоволниот притисок во водоводната мрежа и потребната количина на вода.





- Изграден е цевковод во должина од 415 метри во Стопански Комплекс „Илинден".
- Изведен е систем за антикорозивна заштита на челичниот цевковод, дел од системот ОКТА, на потегот од автопатот Скопје – Велес до АД ОКТА во должина од околу 8.000 метри.

## ИЗВРШЕНА Е УСПЕШНА НАДГРАДБА НА ПУМПНАТА СТАНИЦА ОКТА ВО ЈУРУМЛЕРИ

Извршена е целосна реконструкција и надградба на пумпниот систем во пумпната станица ОКТА во Јурумлери, којашто обезбедува водоснабдување за населените места Миладиновци, Бујковци, Текија, Дељадровци и Рафинерија ОКТА. Со реализацијата на овој проект се зголемува ефикасноста на системот и намалување на енергетските трошоци, со цел обезбедување стабилно и одржливо водоснабдување за сите корисници.

Во рамките на проектот беше инсталирана пумпа со моќност од 135 kw за собирниот колектор, а постојните бунарски пумпи со моќност од 15 kw се заменети со нови, енергетски поефикасни пумпи од 11 kw, со работна ефикасност од 81%. Оваа промена значително ја намалува потрошувачката на електрична енергија и го оптимизира функционирањето на системот.



Новиот систем за автоматско управување, базиран на ПЛЦ контролер, овозможува централизирана контрола на пумпите и интеграција на постојната опрема, што значително ја зголемува оперативната ефикасност.



- Во пумпната станица Јурумлери заменети се старите вакуум пумпи за гасно хлорирање на водата. Новите пумпи се енергетско ефикасни и со нив се постигнува поголем квалитет во водоснабдувањето. Беше заменета и целокупната опрема за хлорирање и реновирање на хлорната станица.

Со поставување на новите пумпи се создадоа услови за комплетно поврзување на сите извори на вода во пумпната станица Јурумлери со системот за дезинфекција на водата со гасен хлор.

- Извршена е целосна реконструкција на примарната водоводна линија во должина од околу 60 метри, при изведување на градежните активности за изградба на кружниот тек во населба Илинден.
- Се изврши обнова и модернизација на главниот водоснабдителен систем во Кадино во должина од 700 метри.
- Поради честите дефекти и загуби на вода на водоводната мрежа на ул. „9“ во населба Илинден и улица „532“ во Марино, односно на потегот од „Халк Банка“ до „Црна река-Петрол“ во должина од 600 метри беше извршена замена на старите ПВЦ цевки со нови полиетиленски.



- Општината беше домаќин на Регионалната средба на комунални претпријатија која е во организација на Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ, согласно проектот „Со подигнување на јавната свест до одржливи комунални услуги“. Генералната цел на настанот беше да се подигне јавната свест за одржливи комунални услуги, едукација за значењето на комуналните услуги и навремена испорака во секојдневниот живот, како и предизвиците со кои се соочуваат јавните комунални претпријатија.





## НОВА БЕСПЛАТНА ИНТЕРНЕТ ЗОНА

Долж пешачката и велосипедска патека  Марино-Кадино, обезбеден е бесплатен интернет пристап. Со ова се реализира определбата да им се овозможат на граѓаните бесплатни услуги неопходни во секојдневното функционирање за лична употреба. Бесплатен интернет е овозможен и во домовите на култура во Илинден, Марино, Кадино и Миладиновци, како и на фудбалското игралиште во Кадино.

## ВОВЕДЕНА НОЌНА АВТОБУСКА ЛИНИЈА

По барање на жителите, а во насока на подобра комуникација со централното градско подрачје во вечерните часови почна да функционира ноќна линија со број 636, којашто сообраќа од Транспортен центар - Скопје до н.м. Мралино во деновите сабота и недела наутро.

## ОТВОРЕНА Е КАНЦЕЛАРИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Во просториите на Домот на култура „Марино“ за првпат во Општина Илинден, отворена е канцеларија на хуманитарната организација „Црвен крст“, при што е потпишан Договор за соработка меѓу Црвениот крст на Македонија и Општина Илинден. Целта на овој договор е воспоставување на заеднички иницијативи и нивна реализација како и обезбедување на меѓусебна поддршка, заеднички настап и координација во делувањето на реализација на програми и проекти од надлежност и интерес на Црвениот крст на Македонија и Општината.

## МАНИФЕСТАЦИЈА „ДЕН НА ПЧЕНИЦАТА“

Под покровителство на Општина Илинден и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во  организација на компанијата „Агроунија“ ДООЕЛ Скопје, секоја година се одржува манифестацијата „Ден на пченицата“. Во присуство на голем број гости, земјоделски производители, претставници на институции, се врши обиколка на опитното поле во Општина Илинден, на микро, макро и компаративни опити на македонски-



те сорти со најдобрите балкански и европски сорти, а се споделуваат информации и за семепроизводството и за материјалот за селекција.

## РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРВЕН КРСТ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со претседателот на Црвениот крст на Македонија д-р Ромел Велев на која се разговараше за продолжување на соработката во наредниот период, како и за тековните проекти на Црвениот крст коишто ја промовираат солидарноста и меѓусебната поддршка на општинско ниво.

## ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во рамки на одбележувањето на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, потпишан е Меморандум за соработка со хуманитарното здружение на граѓани и лица со



хендикеп „Илинден“, како и со здружението на граѓани за едукација, инклузија и ран третман на лица со посебни потреби „Боиме сино“. Целта на Меморандумот е воспоставување на соработка помеѓу локалната самоуправа и невладиниот сектор во однос на потребите на лицата со хендикеп.

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО БОРКА

Потпишан е Меморандум за соработка со Здружението за борба против рак „БОРКА – За секој нов ден“. Меморандумот кој го потпишаа градоначалникот, Александар Георгиевски и претседателката на здружението „БОРКА – За секој нов ден“, Биба Додева има за цел воспоставување долгорочна соработка помеѓу двете страни во насока на подобрување на Заштитата на правата на пациентите во Општина Илинден.

## ДОДЕЛЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ НА КРВОДАРИТЕЛИ ОД ОПШТИНАТА

По повод Денот на крводарителството – 17-ти Март, во Домот на култура „Илинден“, Црвениот крст им додели благодарници на крводарителите коишто имаат дарувано крв повеќе пати. Доброволното дарување на крв претставува израз на високи етички, хумани и морални вредности, да се дарува крв и да се спаси нечиј живот, е висок чин на хуманоста.



**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА КВАЛИТЕТНО И МОДЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Во насока на подобрување на условите за работа во училиштата, односно обезбедување на просторни услови за одвивање на квалитетна настава во воспитно образовниот процес во трите основни училишта и средното општинско стручно училиште „Илинден", Општината континуирано инвестираше во училишната инфраструктура. Со оглед на тоа што капиталните инвестиции во образованието се од огромно значење за иднината на една општина, реконструкцијата и модернизацијата на училиштата беше еден од приоритетите на локалната самоуправа. Квалитетното и модерно образование е услов за просперитетна иднина на целокупната заедница, па затоа набавката на најсовремена опрема која е на располагање на учениците, има за цел нивно стимулирање и можност за полесно стекнување на нови знаења.**

## ОТКРИЕНА БИСТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Во рамки на одбележувањето на 153-тата годишнина од раѓањето на Гоце Делчев во двор на новото подрачно училиште во Илинден беше откриена бистата на патронот на училиштето, каде исто така градоначалникот и директорката положија свежо цвеќе.





## ПРЕДАДЕНО ВО УПОТРЕБА НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Во насока на модернизирање и проширување на просторните капацитети пуштено е во употреба новоизграденото основно училиште во населба Илинден. Училиштето со површина од 2.400 метри квадратни располага со 14 училници, наставничка канцеларија, конференциска сала, смарт табли, пет тоалети како и три простории за кујна со трепезарии. Сите простории се опремени со потребниот инвентар според највисоките нормативи и стандарди. Училиштето е високоенергетски ефикасен објект, со иновативен пристап и воведени нови технологии и еколошки материјали, со греење и ладење со алтернативни извори на енергија, опремено според највисоките безбедносни стандарди. Надворешниот дел на објектот е хортикултурно уреден, поставена е фекална и атмосферска канализација, извршен е приклучок на училиштето на водоводниот систем, изградена е нова трафостаница која го снабдува со стабилен и квалитетен електричен напон училиштето, поставени се канделабри за осветлување, инсталиран е оптички интернет, извршено е заштитно оградување на училиштето, а изградени се два паркинг простора, еден за родители и еден за вработените во училиштето.



## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



## КАБИНЕТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

Учениците добија нов опремен кабинет по природни науки (биологија, хемија, физика, математика и природни науки). Во соработка со Министерството за образование и наука, кабинетот е опремен со нов мебел и прибор за работа што придонесува за квалитетен, современ образовен процес, но и поттикнување на истражувачката работа на учениците.

**За потребите на училиштето меѓудругото набавени се:**

- 200 ученички клупи.
- 350 ученички столчиња.
- 30 канцелариски столчиња.
- 14 катедри.
- 15 бели табли.
- 15 зелени табли.
- 35 мали масички за ученици во прво одделение.
- 60 мали столчиња за ученици од прво одделение.
- 120 плакарчиња за ученици.
- 9 Интерактивни панели.
- 2 принетра.
- 2 ЛЦД телевизора.
- 11 лаптопи.
- 15 противпожарни апарати.

## СЕНЗОРНА СОБА

Новото училиште располага со сензорна соба за поголема инклузија на децата со попреченост.



# ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

На покривната конструкција на ООУ „Гоце Делчев“ поставена е фотоволтаична централа со вкупна инсталирана моќност од 15 kw (киловати) проектирана согласно годишната потрошувачка на електрична енергија на училиштето, која е донација од компанијата ОКТА АД – Скопје.

Со оваа донација се овозможува континуирана заштеда на средства за Општината и намалување на трошоците на училиштето, а се ослободуваат средства за понатамошно подобрување на образовниот и воспитниот процес, од кој крајниот бенефит ќе го имаат децата и нивните родители.

# ИЗГРАДЕН ПАРКИНГ ЗА ТРИЕСЕТ ВОЗИЛА

На површина од 600 метри квадратни изграден е паркинг простор во состав на ООУ „Гоце Делчев“, за над 30 возила. Со ова за првпат откако е изградено училиштето се решава проблемот што го имаа родителите и вработените во училиштето со паркирањето на своите возила.





## УЧЕНИЦИ ОД ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА

Ученици од четврто одделение од ООУ„Гоце Делчев“ беа во традиционална посета на Општината, при што на градоначалникот му подарија и рачно изработен подарок. За време на оваа едукативна посета, учениците имаа доста интересни прашања кои беа упатени до градоначалникот и работата на локалната самоуправа.



## НОВА ОПРЕМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

За подобрување на квалитетот на часовите по физичко и здравствено образование во подрачното основно училиште „Гоце Делчев“ во населба Илинден набавени се 50 метри квадратни мека подлога за заштита на учениците, наречена „татами“. Истовремено училишната кујна е збогатена со професионални елементи, (шпорет, фрижидер и масичка), а во делот за одржување на квалитетот на образовниот процес набавени се и три смарт табли.



## ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Во ПООУ „Гоце Делчев” е обезбеден продолжен престој за учениците од прво до трето одделение. Учениците се сместени во просторија комплетно опремена за таа намена.



## СО СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И ИЗЛОЖБЕНИ РАБОТИЛНИЦИ ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК



Во знакот на фолклорот и традицијата со богата културно уметничка програма и со бројни спортски активности и изложбени работилници учениците од ООУ „Гоце Делчев“ го одбележуваат патронатот на училиштето и годишнината од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Традиционално одбележувањето на патрониот празник почнува со положување на свежо цвеќе пред бистата на македонскиот великан Гоце Делчев, еден од најголемите идеолози на народноослободителното движење на македонскиот народ кон крајот на 19-от и почетокот на 20-от век.





## ДЕЛ ОД ПРВАТА ВЕЛО ТУРНЕЈА

Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ беше дел од првата Вело турнеја на пролетната Вело офанзива „Пролет 2023“ во рамки на програмата Вело училишта, организирана од страна на Здружението на граѓани „Еко Логик“. Програмата Вело училиште има за цел да го промовира велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз на учениците. Во рамките на Вело турнејата учениците беа вклучени во разни активности за безбедно возење велосипеди, а се одржаа и обуки за просветните работници на темите за велосипедизам, одржливост и безбедност, како и градење на капацитетите кај просветните работници.

## ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

- Набавени се 30 статични компјутери и компјутерска опрема.



- Извршена е замена на рефлекторите во спортската сала со штедливи ЛЕД рефлектори.
- Набавени се две инвертер клими за затоплување.
- Обезбедени се два смарт телевизори за подрачните училишта.
- Поставени се шест интерактивни табли во централното и подрачните училишта.
- Во подрачното училиште во Мршевци стариот и дотраен котел на пелети за парно греење, заменет е со нов котел со поголема моќност.
- Извршено е бојадисување на училниците во централното училиште.
- Променета е влезната врата во Централното училиште.
- Набавен е принтер за потребите на наставниците за реализација на наставните програми.
- Обезбедени се 45 нови столчиња за кабинетот по информатика и кабинетот по природни науки.
- Во подрачното училиште во Текија извршена е реконструкција на покривот, стариот покрив е заменет со нов енергетско-ефикасен покрив.
- Извршена е промена на покривната конструкција во училиштето во Мршевци.



- Извршено е подобрување на звучната и термоизолацијата во централното училиште во Миладиновци и двете подрачни во Текија и Мршевци, со тоа што сите стари и дотраени врати, се заменети со нови современи ПВЦ врати.
- Во централното училиште во Миладиновци изградена е метална ограда во должина од 120 метри и височина од 1,5 метри.



- Подобрено е осветлувањето во училниците, ходниците и училишниот двор, поставени се 45 ЛЕД сијалици во централното училиште, 7 ЛЕД сијалици во ходниците и 3 ЛЕД рефлектори во училишниот двор.



- Во училиштето во Текија поставен е котел на пелети со цел подобрување на условите во училиштето во текот на зимските месеци.
- Во ПОУ во Мршевци опремена е мини спортска сала за реализирање на часовите по физичко образование на учениците.
- Во двете подрачни училишта извршено е уредување на внатрешните простории.

- Во централното училиште во Миладиновци обезбедени се две смарт табли, извршено е уредување на просториите, обновени се подовите, старите врати се заменети со нови, набавени се две инвертер клима уреди. Направени се инвестиции и во техничката опрема во училиштето, во надворешниот дел извршено е хортикултурно уредување, поставени се корпи за отпадоци, набавена е косилка за уредување на зелените површини.




- Во училишната библиотека зголемен е библиотечниот фонд со лектирни изданија за учениците од прво до деветто одделение, а набавени се и униформи за техничкиот персонал и наставниците по физичко образование.
- Извршено е реновирање на соблекувалните во централното училиште во Миладиновци.



- Во двете подрачни, како и во централното училиште набавени се 4 клима уреди, смарт табли, училишен и канцелариски материјал.
- Извршена е доградба на подрачното училиште во Текија.
- Во ПОУ „Браќа Миладиновци“ во населените места Мршевци и Текија извршена е замена на старите табли за пишување со нови бели табли за маркери (4 во Текија и 2 во Мршевци), а во Текија комплетно е реновирана училница.



## УЧЕНИЦИ ОД ООУ БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ ВО ШВАЈЦАРИЈА

Осум ученици од деветто одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Миладиновци со нивниот супервизор – одделенскиот наставник Елена Карагунова престојуваа во Швајцарија како дел од интеркултурната размена во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Во рамки на овој проект учениците престојуваа во Детско село Песталоци во Троген, Швајцарија, каде што со нивните врсници од Македонија и други европски држави посетуваа настава, но и разменуваа искуства во делот на безбедната училишна средина и културата во нивните училишта.



- Во централното училиште ограден е училишниот двор, извршена е реконструкција на подовите и е обезбеден агрегат за струја.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

Со традиционално положување свежо цвеќе пред бистата на Браќа Миладиновци и со богата музичка програма се одбележува патрониот празник на училиштето.





ООУ „РИСТО КРЛЕ“

# НОВ ПОКРИВ НА ООУ „РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО

Извршена е реконструкција на покривната површина на централното општинско основно училиште „Ристо Крле“ во Кадино. Со замената на старата покривна конструкција со нова беше опфатена површина од околу 1.600 метри квадратни, при што е обезбедена хидротермичка изолација, со што се спречува протекување и оштетување на внатрешните простории во оваа образовна институција. Отстранети се старите салонитни табли кои содржеа азбестни компоненти, отстранети се хоризонталните и вертикалните олуци, поставен е кровен покривач од пластифициран валовит лим. ООУ „Ристо Крле“ е изградено пред 44 години и за првпат е извршена замена на покривната површина. Вкупно со подрачните објекти во Мралино и Бунарџик во ООУ „Ристо Крле“ учат вкупно 320 ученици.

- Изградба на нови тоалети за учениците од прво одделение и адаптација на просторија за кујна со цел воведување на продолжен престој во општинското основно училиште „Ристо Крле“ во Кадино.
- Се изврши партерно уредување на училишниот двор во подрачното училиште во Мралино на површина од 780 метри квадратни, двор и паркинг за вработените.
- Обезбедена е опрема со три фотокопири за централното и подрачните училишта.



- Во подрачното училиште во Мралино набавена е печка комбинирана на пелети и тврдо гориво.
- Извршено е и подобрување на наставниот процес со нови надгледни средства за наставата од прво до петто одделение во подрачното училиште во Бунарџик.
- Обезбеден е и нов училишен мебел во централното училиште со училишни клупи, столчиња, клупи за ходниците и пулт за информации, како и училишни паноа во кабинетите.



- Хортикултурно е уредено платото пред училиштето во Кадино со нови садници.
- Обезбедени се пет паметни смарт табли, три во централното училиште во Кадино и по една во подрачните училишта во Мралино и Бунарџик.
- Три кабинети се опремени со дигитални панелни табли;
- Обезбедени се таблети за сите ученици од 4-то одделение.
- Набавено е дигитално пијано за кабинетот по музичко образование.
- Набавени се три пвц врати за училиштето во Мралино.
- Училишната библиотека е збогатена со 100 нови лектирни изданија.
- Кабинетите по физика, математика, биологија, природни науки и хемија опремени се со нови надгледни средства.
- Бојадисани и уредени се ходниците и холот во централното училиште.
- Обезбеден е ЛЦД електронски информатор во училиштето во Кадино.
- Изработена е профилна слика на патронот на училиштето „Ристо Крле“.
- Набавени се девет нови лаптопи за примена во наставен кабинет по информатика.
- Обезбеден е ЛЦД ТВ за прво одделение во училиштето во Бунарџик.



- Набавени се нови девет монитори за кабинет по информатика со цел усовршување и осовременување на наставата.

## ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО Е УРЕДЕН ДВОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО ВО БУНАРЏИК

Партерно и хортикултурно е уреден дворот на подрачното училиште во Бунарџик кое е во рамки на ООУ „Ристо Крле“ којшто подолго време беше запоставен, а за подобар престој и рекреација на учениците се поставени и детски реквизити, лулашки. Исто така поставен е нов довод за вода кој во минатото бил со дефекти и непотребно излевање на водата за пиење.

**Воведен е продолжен престој за учениците од прво до петто одделение**





## ОПРЕМЕН КАБИНЕТОТ ПО ИНФОРМАТИКА

Во ЦОУ „Ристо Крле“ опремен е кабинетот по информатика со нови лаптоп компјутери, монитори, слушалки, а старите и дотраени училишни клупи заменети се со нови.



## СО БОГАТА ПРОГРАМА ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

Учениците од ООУ „Ристо Крле“ од Кадино како и подрачните училишта во Мралино и Бунарџик на свечен начин и со повеќедневна програма и активности го одбележуваат патрониот празник на училиштето. Во рамки на одбележувањето се одржаа повеќе активности во кои беа вклучени учениците.

## ПРИЗНАНИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНАТА

Градоначалникот Александар Георгиевски секоја година по повод освојување на високи места на државните натпревари има средби со учениците од општинските основни училишта и средното училиште од Општината, на која им доделува признанија за постигнатите резултати.

Тој им ги честиташе успесите на учениците и нивните ментори и истакна дека е горд што има голем број наградени ученици од Општина Илинден.

Учениците беа наградени за високи достигнувања на државните натпревари по македонски јазик, англиски јазик, биологија, природни науки, како и на натпреварот по Информатичко размислување.



# УЧИЛИШТЕН ЛЕТЕН КАМП



Општината секоја година организира училиштен летен камп во македонските туристички центри за најуспешните 50-тина ученици од општинските основни училишта. Дел од училишниот летен камп имаат можност да бидат учениците кои во текот на учебната година постигнале високи резултати во делот на спортот, првенци на генерација, носители на награди од различни училишни натпревари.



# СМАРТ ТАБЛЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ И НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА

По повод Новогодишните и Божиќните празници градоначалникот Александар Георгиевски секоја година доделува смарт таблети, онаму каде што е најпотребно, во трите основни училишта на територија на Општината. Смарт уредите се наменети за ученици од прво до осмо одделение, како и за ученици од социјално ранливите семејства, со цел успешно следење на наставата по новиот концепт и програма.

# ОДБЕЛЕЖАНА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА

Првачињата од основните училишта ја одбележаа „Детската недела“ и станаа членови на Детската организација. На овој значаен ден за нив тие дадоа свечена заклетва, а во таа чест нивните поголеми другарчиња им приредија културно уметничка програма, во која читаа, глумеа, играа, пееја и другаруваа.



# УЧИЛИШНИ РАНЦИ ЗА СИТЕ ПРВАЧИЊА

По повод почетокот на новата учебна година градоначалникот Александар Георгиевски ги посети општинските основи училишта „Гоце Делчев“, „Ристо Крле“ и „Браќа Миладиновци“ каде што на сите првачиња им подели ранци со училишен прибор и им посака успешен почеток на новата учебна година, успех во совладувањето на наставните содржини и убави спомени од училишните клупи.



# ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ЗДРУЖЕНИЕТО ЕКО ЛОГИК

Во насока на имплементирање на проектот „Вело училишта“ наменет за учениците од основните училишта на територија на Општината, потпишан е Меморандум за соработка во областа на образованието со Здружението за заштита и унапредување на животната средина и промовирање на концептот на одржлив развој – „Еко Логик“. Преку овој проект ќе се овозможи зголемување и унапредување во знаењето на децата, родителите, наставниците и пошироката јавност за темите од областа на велосипедизам, одржлив транспорт, аерозагадување, безбедност во сообраќајот и климатски промени.

СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

# СРЕДНО ОПШТИНСКО СТРУЧНО УЧИЛИШТЕ „ИЛИНДЕН“





## СМАРТ ТАБЛЕТИ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

По повод Новогодишните и Божиќните празници градоначалникот Александар Георгиевски додели 66 смарт таблети во СОСУ „Илинден“. Таблетите ќе бидат искористени за пристап до најновите едукативни апликации, дигитални учебници и други материјали коишто ќе го направат учењето поинтересно и попријатно и ќе им помогнат на учениците да ги доразвијат своите дигитални вештини што се клучни во ова време на дигитализација.

- Набавен е агрегат за струја.
- Набавени се 194 таблети.
- Набавени се 48 мини десктоп компјутери со монитори.
- Обезбедени се 11 десктоп компјутери.
- Набавени се 35 лаптопи.
- Набавени се 15 клупи, 30 столчиња и 2 табли.
- Училишната библиотека располага со над 5.000 книги.



## ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ НА ПОКРИВОТ

На покривот на СОСУ „Илинден“ се поставени фотоволтаични панели, односно, фотоволтаична централа за производство на електрична енергија. Фотоволтаичната централа за производство на електрична енергија е со моќност од 39 kw, во целост ќе ги задоволи потребите на средното училиште од електрична енергија, а во летните денови вишокот на енергија ќе се враќа во енергетската мрежа на ЕВН. Со нејзиното поставување се придонесува за намалување на трошоците за електрична енергија.



## НОВ КАБИНЕТ ПО ПРОГРАМИРАЊЕ

Опремен е нов кабинет во средното општинско стручно училиште „Илинден“, наменет за потребите на учениците по предметот програмирање, уредување на веб страни, автоматика, мултимедија, како и за потребите на останатите стручни предмети.

Набавени се 28 мини десктоп компјутери и 5, со исто толку монитори, тастатури и мауси. Сите компјутери се со лиценциран „Windows 11 Professional“.

## ПЛАТФОРМА

Поставена е платформа за лица коишто имаат проблем со мобилност. Платформата е иновативно решение што со подигнување и спуштање овозможува лесен и брз пристап до различни катови и простории во училиштето за лицата што имаат проблем со движењето.



## ОПРЕМУВАЊЕ НА КАБИНЕТИТЕ ВО СОСУ „ИЛИНДЕН“

Набавена е нова опрема за кабинетите во средното општинско стручно училиште „Илинден“, при што се обезбедени нови индуктивни декади, капацитативни декади, отпорнички декади, мерачи на вртежи, инфраред термометри, отстранувачи на чад, развојни системи за едукација и вежби (програмабилни логички управувачи, фрекфентни регулатори, развојни плочки за ПИЦ микроконтролери, 3Д принтери, како и едукативни пакети за роботика и автоматика LEGO® MINDSTORMS® Robot Inventor).



## РОБОТСКА РАКА



Поставен е индустриски роботски систем со роботска рака што претставува напреден уред што може да извршува различни задачи со голема прецизност. Раката се користи за демонстрации на механизмите на движење кај најкомплексните роботи и за демонстрација на интегрирање на роботи во автоматизацијата на процесите.

### ПОТПИШАНИ СЕ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ПОВЕЌЕ КОМПАНИИ...

Со цел подигнување на нормите, вредностите и стандардите во образованието, како и подобрување на квалитетот и ефикасноста на стручното образование во Средното општинско стручно училиште „Илинден“ потпишани се повеќе меморандуми за соработка со бизнис секторот во областа на образованието, како една од најзначајните области за развој.

Меморандуми за соработка се потпишани со „Џонсон Мети“, Аспектус Фарма ДОО експорт-импорт, Макдиа ДОО Илинден, Витек Македонија ДОО, Кемет Електроникс, Аптив Сервисес Македонија, Џагатај Кабло, АРЦ Аутомотив Македонија, Јоки, МЕПСО, ОКТА, Ван Хол и Вабтек. Потпишувањето на овие меморандуми имаат за цел збогатување на знаењата на учениците преку практична настава и обука, при што учениците непосредно ќе имаат можност да го следат целокупниот процес на производство и преку нивните ментори да изведуваат практични обуки во просториите на компанијата. Учениците исто така ќе имаат можност да се запознаат со начините за работа, како и со најнапредните технологии што ги поседуваат овие компании.



## ОТВОРЕН ДЕН ВО УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско стручно училиште „Илинден“ секоја година ширум ги отвора вратите за сите заинтересирани кои сакаат да се запознаат со условите за запишување во ова училиште. На Отворениот ден идните средношколци, нивните родители, како и сите останати имаат можност да се запознаат и со квалификациите кои ги нуди училиштето, со наставниот план и програма, со проектите и изработките на учениците.

## ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

Потпишан е Меморандум за соработка со Академија ЦЕС, која во наредниот период ќе спроведе бесплатни обуки за усовршување на наставниците од основните училишта на територија на Општината.



## НАБАВЕНО НОВО ВОЗИЛО

За потребите на Средното општинско стручно училиште „Илинден“ набавено е ново патничко возило (комбе), Опел Виваро со капацитет до 8 лица за седење, кое што ќе се користи за потребите на учениците и вработените во училиштето. Со набавката на ова возило се олеснува организирањето и патувањето на вработените и учениците за екскурзии, натпревари, семинари и работилници коишто се одржуваат надвор од Општината.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОКРИВОТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Извршена е реконструкција на покривот на детската градинка „Гоце Делчев“, при што старите салонитни табли се заменети со пластицифиран лим на површина од 542 метри квадратни. Со реализацијата на овој проект обезбедени се подобри инфраструктурни услови во оваа детска установа.





# НА ПОКРИВОТ НА ГРАДИНКАТА ПОСТАВЕНИ СЕ ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ

Како дел од проектот „ИНОФИН“, Иновативен финансиски модел за поддршка при транзиција кон обновливи извори на енергија, на покривот на детската градинка „Гоце Делчев“ поставени се фотоволтаични и термални панели. Со поставување на панелите се помага за делумно снабдување со електрична енергија и за затоплување на водата, со што се придонесува за заштеда и намалување на трошоците за електрична енергија.







## НОВА ОПРЕМА

- Преградена е салата за свечености со ПВЦ врати, а извршена е и промена на вратите од занималните.
- Набавена е кујнска опрема (професионален шпорет и термоси за транспорт на храна).
- Пералната е опремена со професионални машини за перење и сушење на постелнина.
- Набавена дидактичка опрема и материјали, како и Смарт табла и играчки за децата од двата објекта.
- Изграден е помошен објект.
- Набавена е нова опрема со која се обезбедува уште подобра исхрана за децата од градинката и целодневниот престој.



## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ГРАДИНКАТА

Секоја година, со богата приредба, пред поголем број родители и гости на свечен начин се одбележува патронииот празник на градинката „Гоце Делчев“ и годишнината од раѓањето на Гоце Делчев.



**Положување цвеќе пред новопоставената биста на патронот**





## ДЕЦАТА ОД ГРАДИНКАТА ТРАДИЦИОНАЛНО ГИ ОДБЕЛЕЖУВААТ БАДНИК И БОЖИЌ

Децата од градинката и вработените секоја година ги одбележуваат големите христијански празници Бадник и Божиќ. Малите коледари пееја коледарски песни и добија божиќни дарови.

## ЗАВРШНА ПРИРЕДБА

Со завршна приредба традиционално, секоја година, градинката „Гоце Делчев“ ги испраќа дечињата во прво одделение.



ЕКОЛОГИЈА



# „ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Реализацијата на еколошката акција „Зелена Општина Илинден“ беше еден од приоритетите во насока на обезбедување здрава животна средина, подигнување на еколошката свест и подобрување на амбиенталниот воздух. Интензивно се работеше на уредувањето на парковите и зелените површини како хортикултурно така и со поставување на урбана опрема со што се обезбедуваат катчиња за релаксација за сите генерации.

Притоа, заедно со општествено одговорни компании, граѓани, ученици, јавните претпријатија, општинската администрација, ЈП „Македонски шуми“ засадени се вкупно 130.000 садници.



Покрај пешачко-велосипедските патеки, покрај улици, патишта, училиштата, детската градинка, спортските терени, кај амбулантата и паркот во Миладиновци, паркот во Дељадровци, пределот на Ајватовски рид, во населбата Јака и други јавни установи и површини засадени се повеќе садници од видот багрем, чемпрес, декоративни високорастечки листопадни дрвца, туји, како и други зимзелени садници.



Општината упатува голема благодарност до општествено одговорните компании ОКТА, Џонсон Мети, Макпетрол, Хавеп Импекс, Пекабеско, ТАВ, Дени Интернационал, Еко Дани Трејд Тримил Р, МАН, СИГО, Фреш фарм, Рио кафе, Пивара Скопје, Пакомак и Нула Отпад, НИКИ Инвест, Мулти Пром, Компанија Атанасовски, кои ја покажаа грижата за екологијата преку донирање на садници.

- Во манастирскиот комплекс Дељадровци беа засадени 30 декоративни високорастечки листопадни дрвца. Во акцијата учествуваше и Владиката г. Григориј – митрополит на Кумановско-осоговска епархија.



# МАСОВНО ПОШУМУВАЊЕ НА АЈВАТОВСКИ РИД

На Ајватовски рид се реализираше голема акција за пошумување при што се засадени над 12.000 садници од видот багрем. Акцијата се реализираше на 30 хектари, коишто беа зафатени со големите пожари.





# ПАРК ВО ДЕЉАДРОВЦИ

Во Дељадровци е изграден парк што се простира на површина од над 600 метри квадратни. Просторот е озеленет и хортикултурно уреден, со пешачка патека, поставено е осветлување, урбана опрема, нови клупи, корпи за отпадоци.



# ПАРК ВО ЈАКА

Во соработка со општествено одговорната компанија „Макпетрол“ изграден е урбан парк во Јака.

ЕКОЛОГИЈА



# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Со засадување декоративни садници во делот околу спортската сала „Гоце Делчев“ и садење на цвеќиња и уредување на училишниот двор во ПООУ „Гоце Делчев“ во населба Илинден беше одбележан - „Светскиот ден на климатските промени“. Во рамките на одбележувањето во просториите на Домот на култура „Илинден“ се одржа и годишна конференција на Здружението „Зелена Градба“ - Асоцијација на која присуствуваа претставници од бизнис секторот, претставници од амбасади, како и претставници на повеќе здруженија поддржувачи на Здружението ГБА.

# ЕКОЛОШКА АКЦИЈА „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“

Општината е дел од големата еколошка акција „Генералка викенд“ којашто се одржува секоја година во организација на „Мен енд маунтен“, а со поддршка на Пивара Скопје, Пакомак и Нула Отпад. Во акцијата во која се чистеше на повеќе локации на територијата на Општината се вклучија општинската администрација, јавните комунални претпријатија, училиштата и граѓаните.

Со оваа еколошка акција се упатува апел до граѓаните да покажат поголема грижа за природата и природните ресурси, а отпадот да го одлагаат на места соодветно определени за таа намена.







# ДЕРАТИЗАЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕЗИНФЕКЦИЈА

Согласно Програмата за заштита на населението од заразни болести, со помош на стручни екипи редовно се вршеше дератизација за уништување на глодарите и дезинфекција на јавните објекти на територија на Општината. Со дератизацијата се опфатени 1.096 шахти што се наоѓаат на јавните површини во општината, а дезинфекција се вршеше на 3.300 метри квадратни јавни објекти.

Истовремено, согласно Елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и сузбивање на вектор преносливи заболувања, редовно се вршеше терестичка дезинсекција за уништување на возрасни форми на комарци на површина од 300 хектари, како и ларвицидна дезинсекција за уништување на ларви од комарци на површина од 50 хектари. Со третирањето се опфатени сите водни површини на отворените одводни канали (главни, секундарни и терцијални), речното корито на Сува Река и вештачката акумулација во Бучинци,




# РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА

Континуирано се работеше на решавање на проблемот со бездомни и нерегистрирани кучиња при што доследно се применуваа одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните. Приоритет за заловување и третман на бездомни и нерегистрирани кучиња се даваше на дворните површини на училиштата, детските градинки, јавните објекти и други фреквентни места и улици во централниот дел на општината.



# БЕСПЛАТНИ АГРОХЕМИСКИ АНАЛИЗИ НА ОБРАБОТЛИВАТА ПОЧВА

Во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, а во насока на унапредување на земјоделието, секоја година се спроведува акција за бесплатни агрохемиски анализи на квалитетот на обработливата почва од 20 различни локации во сите населени места во општината. Испитувањето на почвата се врши со цел земјоделците да добијат повеќе информации за квалитетот на почвата која ја обработуваат, а сето тоа во насока на правилното и навремено ѓубрење на културите, зголемување на приносот, намалување на загадувањето на почвата, како и подобрување на квалитетот на производите.






# ПОСТАВЕНИ УРЕДИ ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

На пет локации во општината поставени се посебни уреди за мерење на квалитетот на воздухот. Со цел следење и мониторирање на квалитетот на амбиенталниот воздух мерни уреди се поставени на јавни општински установи во населените места Илинден, Марино, Кадино, Бунарџик и Миладиновци. Станува збор за посебни сензори кои детектираат промени на амбиенталниот воздух и преку апликацијата Breathe.mk, се овозможува пријавување на загаденоста на воздухот. Секоја промена на воздухот се регистрира при што се овозможува да се лоцира изворот на загаденоста на воздухот. Проектот е реализиран во соработка со Здружението за заштита на животната средина „Заедно за промена“ Скопје.

# ОТВОРЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Во состав на ЈКП „Водовод“ за првпат е отворена лабораторија за контрола на квалитетот на водата за пиење. Лабораторијата е опремена со најсовремена апаратура и технологија за анализирање на физичко хемиските параметри на водата, како и контрола на микробиолошките параметри дефинирани во Правилникот за безбедност на водата за пиење донесен од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Досега претпријатието го контролираше составот на водата преку соработка со надворешни лаборатории, со земање мостри во правилни временски интервали, а сега тие испитувања ќе ги прави претпријатието при што ќе бидат заштедени финансиски средства.



# СОРАБОТКА СО ГЕРМАНСКОТО ДРУШТВО ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА (ГИЗ)



Општината ја посетија претставници на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ). На средбата со градоначалникот Александар Георгиевски се разговараше за заедничката соработка остварена меѓу ГИЗ и Општина Илинден во делот на имплементирање на БФЦ сертификатот, како и имплементирање на регионалниот проект „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан“. Општината е дел од регионалниот проект „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан“. Проектот е финансиран од страна на германското сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ) и Пакомак, во рамки на програмата develoPPP која се спроведува во соработка со ГИЗ Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Пакомак.

# ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНСКИ ОТПАД СО КОМПОСТАРА



Во Домот на култура „Илинден“ се одржа презентација на Физибилити студија за систем за управување со органски отпад со компостара за Општините Илинден и Гази Баба. На презентацијата присуствуваа претставници од Општина Гази Баба и Скопски плански регион, претставници од јавни комунални претпријатија и општинската администрација. Во соработка со Центарот за развој на Скопски плански регион овој проект е финансиски поддржан од страна на УНДП, а станува збор за изработка на Физибилити студија и комплетна техничка документација за управување со органски отпад со компостара за двете општини.

# ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈА ЗА НАСЕЛБА ИЛИНДЕН



Во просториите на Домот на култура „Илинден” беше промовирана Монографија за населба Илинден, второ дополнето издание. Монографијата е плод на долгогодишните истражувања, собирања на податоци, информации, фотографии, усни преданија од страна на иницијаторот за создавањето на едно вака значајно дело, Драги Ангеловски и искуството, знаењето и истражувањата на нашиот познат историчар, зад кого се безброј вакви трудови, проф. д-р Ѓорѓи Малковски.

Излегувањето од печат на оваа Монографија е под целосно покровителство на Општина Илинден и градоначалникот Александар Георгиевски, при што се даде комплетна поддршка во печатењето, лекторирањето, рецензијата и графичкиот дизајн и обработка, како и директна поддршка на самите автори, со што Општината ја реализираше својата улога во креирањето на ова трајно дело во насока на зачувување од заборавот на времето на многу настани, многу личности коишто оставиле историски белег во животите на жителите на населба Илинден.



## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ВОДАТА 22 МАРТ

Со пригодни настани, секоја година се одбележува „22-ри Март“, кој според календарот на Обединетите нации е прогласен за Светски ден на водата. Во рамките на одбележувањето градоначалникот Александар Георгиевски заедно со претставници од ЈКП „Водовод“ посетува училишта или градинки каде што се зборуваше за важноста на водата во човековиот живот.

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН МЕЃУ ПРВИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОД МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ЕВРОПСКИТЕ ПРОЕКТИ

Општина Илинден е една од првите институции од регионот која стана дел од европскиот проект „Зелени микро акредитиви: Долгорочна надградба и зајакнување на вештините на нискоквалификувани возрасни лица“. Проектот „Green Micro Credentials“ обезбедува патишта за надградба на нискоквалификувани возрасни лица за да добијат еднаков пристап до пазарот на труд и поддржува праведна транзиција кон економијата со ниска јаглеродна енергија.







## КОМУНАЛЕН ОТПАД

**Собрани и транспортирани на „Дрисла“ се вкупно 18.351 тон комунален отпад. Притоа, собрани се 8.000 тони растителен отпад, околу 103 тони селектиран отпад – стакло, над 4.5 тони пет амбалажа и околу 3.9 тони електронски отпад.**

## ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

На повеќе локации во општината се реализираа акции за чистење на дивите депонии. Притоа, исчистени се 48 диви депонии во населба Илинден, Кадино, Миладиновци, Бунарџик, Ајватовци, Мршевци, Мралино и Текија.

Со чистењето на дивите депонии, значително се придонесе за намалување на аерозагадувањето, елиминирање на потенцијалната опасност од загадувањето на подземните води и почвата, како и подобрување на животната средина.

### УСВОЕНА „ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПЕРИОД ОД 2023-2025 ГОДИНА“

На предлог на Градоначалникот, Советот ја усвои „Програмата за енергетска ефикасност за период од 2023-2025 година“. Главната цел на оваа Програма е намалување на трошоците за енергија во Општината, пред сè во општинските објекти, осигурување на стандардно комфорни услови за престој и работа во сите простории, намалување на емисиите на штетни материи во воздухот и околината и поголема примена на обновливи извори на енергија.

### СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2022-2026

Донесен е Стратешкиот план за развој на Општина Илинден 2022-2026 со што се продолжи со континуираните заложби на локалната самоуправа преку инклузивни форми да придонесе за економски атрактивна, безбедна, урбанизирана општина со развиена патна и комунална инфраструктура, општина во којашто се нудат квалитетни образовни, социјални и здравствени услуги и општина којашто е во служба на своите граѓани и партнер на локалните компании. Со Стратешкиот план се придонесува во дефинирањето на конкретни цели и проекти од суштинско значење како за граѓаните така и за развој на локалната бизнис клима и претприемништвото.



## ДОНЕСЕН Е ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН – ЛЕАП 2025-2030

Донесен е Стратешкиот документ ЛЕАП – Локален еколошки акциски план на Општината за периодот од 2025-2030 година. Изработката на овој документ е согласно законските обврски што произлегуваaат од Законот за животна средина и согласно кои Општината е потребно да ги имплементира проектните активности во насока на подобрување на животната средина. Овој документ е значаен за заштита и унапредување на животната средина и природата преку дефинирање и спроведување на систем на мерки и акции за краткорочно, среднорочно и долгорочно планирање, утврдени со временска и финансиска рамка.

### ОБЕЗБЕДЕНА Е НОВА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА: „ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ“ ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во партнерство со Здружението „Мое гнездо“, во рамки на Третиот јавен повик за развој на социјални услуги, Општината почна со реализација на нова социјална услуга „Помош и нега во домот“. Услугата е наменета за лица над 65 години, како и за лица со попреченост, со цел да им се обезбеди континуирана грижа во домашни услови, која ќе ги поддржи во подобрувањето на самостојноста и достоинствениот живот. Според податоците од Пописот во 2021 година, во Општината има 1.463 лица со попреченост, вклучувајќи 539 постари лица со телесни попречености и 131 лице со оштетување на видот.



## ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Се конституираше Локален младински совет чија главна цел е унапредување на положбата на младите, развојот на младинскиот сектор, нивното учество во креирање на соодветни политики и донесување на одлуки кои овозможуваат социјален и личен интерес на младите. Локалниот младински совет е важно тело во креирањето на младинските политики во општината, застапувањето на младите и нивните интереси преку кое ќе се зајакнат капацитетите на младите и нивниот развој во идни успешни граѓани и професионалци.



## СРЕДБА СО СЛОВЕНЕЧКИОТ АМБАСАДОР МИЛАН ПРЕДАН

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари средба со амбасадорот на Република Словенија, Милан Предан. На средбата која се одржа во словенечката амбасада градоначалникот Георгиевски ја искористи можноста да го запознае словенечкиот амбасадор со реализацијата на тековните проекти во Општина Илинден, презентирајќи му ги економските потенцијали на Општината и можноста за привлекување на нови инвестиции. За време на средбата беа разменети позитивните искуства применети во општините во Република Словенија, а се зборуваше и за реализација на европски проекти во Општина Илинден.

## ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА ИЛИНДЕН И ГАЗИ БАБА ВО ПОСЕТА НА СЛОВЕНИЈА

Градоначалникот Александар Георгиевски, градоначалникот на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски и секретарот на Град Скопје Ѓоко Велковски беа во повеќедневна посета на Република Словенија. Во рамките на посетата учествуваа на меѓународен настан на кој ги презентираа инвестициските потенцијали со кои располагаат двете општини. Притоа, беа презентирани и проектите финансирани од меѓународни фондови кои во изминатите години се реализирани во двете општини. Присуството во Словенија беше искористено и за остварување средби и потпишување Меморандум за соработка помеѓу општините Иванчева Горица, Гросупље, Гази Баба и Илинден. Заедничката соработка помеѓу општините ќе се однесува на размена на искуства за реализација на проекти од меѓународни фондови коишто во иднина би се реализирале во областите на комунални услуги и инфраструктура, култура, спорт и образование, туризам, мобилност и енергија, здравје и сигурност.





## ОПШТИНАТА ЈА ПОСЕТИ СЛОВАЧКИОТ АМБАСАДОР ХЕНРИК МАРКУШ

Во работна посета на Општината престојуваше амбасадорот на Република Словачка, Н.Е. Хенрик Маркуш. Тој се сретна со градоначалникот Александар Георгиевски, при што се разговараше за капацитетите и можностите за инвестирање во повеќе области во Општината, како и за реализацијата на капиталните проекти во делот на комуналната и патната инфраструктура, образованието, детската заштита, културата и заштитата на животната средина.

# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА ЈА ПОСЕТИ ОПШТИНАТА

Делегација предводена од градоначалници, претседатели на реони и претставници на Германското здружение за развој во Молдавија, ја посетија Општината и остварија работна средба со градоначалникот Александар Георгиевски и општинската администрација. Делегацијата од Молдавија ја посети Општина Илинден како позитивен пример во нашата држава, за економско развиена општина со голем број на инвестиции и општина која го поседува регионалниот сертификат за поволно деловно опкружување-БФЦ СЕЕ.






# СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА БУГАРИЈА

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со амбасадорот на Република Бугарија во Македонија, Н.Е. Ангел Ангелов. На средбата се разговараше за идна соработка и реализација на проекти во делот на социјалната заштита во Општина Илинден. Исто така беа разменети и позитивните искуства применети во општините во Република Бугарија.

# РАБОТНА СРЕДБА СО ПРАТЕНИК И ЗАМЕНИК ГРАДОНАЧАЛНИК ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со заменик градоначалникот на Општина Нова Црња од Војводина, Република Србија, Драган Даничиќ, како и пратеникот од таа општина во покраинското Собрание на Војводина, Дејан Паниќ. На средбата се разговараше за идната можна соработка помеѓу Општина Илинден и Општина Нова Црња, која би се однесувала на повеќе области од локалната самоуправа.



ПРОТОКОЛ




## МЕМОРАНДУМ ЗА ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА СО ГРАДОТ ВРАЊЕ

Во насока на воспоставување и одржување на успешно партнерство потпишан е заеднички меморандум за соработка со градот Врање. Меморандумот го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и градоначалникот на Врање, Слободан Миленковиќ, со што се создадени услови за развој и унапредување на постоечките модалитети за соработка во економијата, културата, образованието, спортот и други области. Соработката посебно ќе биде насочена кон реализирање на заеднички развојни проекти со посебен акцент за искористување на Инструментот за претпристапна помош ИПА III - програма за прекугранична соработка Србија - Македонија 2021-2027.

Дополнително двете страни целосно ги насочуваат своите административни, технички и организациони капацитети за меѓусебна соработка, за реализирање на развојните проекти, различни иницијативи, активности за развој на економијата и културата, организирање на различни манифестации во наредниот период, како и промоција на економските, вклучително и туристичките потенцијали.



## УЧЕСТВО НА САЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ „ШАНСА ЗА ТЕБЕ“ ВО ЛЕСКОВАЦ

Градоначалникот Александар Георгиевски беше во дводневна посета на Лесковац, Република Србија каде што присуствуваше на Саемот за вработување „Шанса за тебе“. На саемот кој е заедничка иницијатива на Центарот за управување со знаење од Скопје и Центарот за развој на Скопски плански регион на Македонија, како и Центарот за развој на Јабланичкиот и Пчињскиот округ од Лесковац и Општината Власотинце од Србија, присуствуваа голем број градоначалници од Република Македонија и Република Србија, делегации од ЕУ, менаџери, како и баратели на работа. Станува збор за проект кој цели кон подобрување на механизмите за поддршка на вработливоста и мобилноста на работната сила, поттикнува воведување на нови пристапи и соработка меѓу јавниот и приватниот сектор и придонесува за зголемување на капацитетите и компетенциите на јавниот и приватниот сектор за спроведување на програми за вработување.

## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Општина Илинден и Бизнис Конфедерацијата на Македонија потпишаа Меморандум за соработка за спроведување на проекти од областа на одржлив локален економски развој. Меморандумот го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и претседателот на Бизнис Конфедерација на Македонија, Миле Бошков. Целта на Меморандумот е преку искористување на капацитетите од двете страни да се постигне остварување на заедничките интереси во насока на забрзување на локалниот економски развој преку зголемување на ефикасноста на инвестициите во Општина Илинден.



# ОПШТИНАТА ЈА ПОСЕТИ МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Градоначалникот Александар Георгиевски, оствари работна средба со министерот за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски, при што во рамки на средбата посетија неколку локации на територија на Општината. Беше извршен увид во градежните активности на доградбата на централниот објект на детската градинка „Гоце Делчев“,



како и на локацијата каде што ќе се гради Центар за дневен престој за лица со попреченост. Во рамките на посетата на Општината беше посетена и македонската компанија Пекабеско којашто се наоѓа во локалната економска зона Марино-Кадино, а која претставува една од водечките компании во Македонија.



# МИНИСТЕРОТ ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА

Во работна посета на Општината беше министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, при што оствари средба со градоначалникот Александар Георгиевски. На средбата се разговараше за актуелни теми во однос на функционирањето и работењето на Општината со посебен акцент на состојбата со безбедноста во сообраќајот и потребата од поголема застапеност на припадниците на Министерството за внатрешни работи на територија на Општината.  Имајќи ги предвид сите показатели во делот на локалниот економски раст, како и зголемениот прираст на население, заеднички став на министерот и градоначалникот е потребата од изградба на полициска станица во Општина Илинден.



# СРЕДБА СО ЗАМЕНИК МИНИСТЕРКАТА ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА ВИКТОРИЈА ТРАЈКОВ

Градоначалникот оствари работна средба со заменик министерката за европски прашања Викторија Трајков, и директорот на АФПЗР, Илија Стоилев. На средбата се разговараше за поддршката на европските фондови, преку ИПАРД програмите, капацитетите и потребите на општината за поголемо искористување на тие средства, а со цел поголема реализација на проекти од интерес на граѓаните.

# УЧЕСТВО НА ЗАВРШНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ „УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД СТАКЛО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН“

Градоначалникот  Александар Георгиевски и директорот на ЈКП „Илинден“, Борче Мицановски присуствуваа на завршната Конференција на проектот „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан“, под слоганот, „Ѕвончето те повикува – рециклирај стакло“. За време на настанот на градоначалникот Георгиевски му беше доделена плакета за успешно спроведување на проектот во Општината што се реализираше во соработка со ЗЕЛС и ПАКОМАК, а со поддршка на германската развојна соработка, што ја спроведува ГИЗ, заедно со партнери од Србија, Босна и Херцеговина и Македонија. На настанот беа претставени најважните достигнувања на проектот, при што беше истакнато дека контејнерите за рециклирање на стакло во вид на „ѕвоно“ го зголемиле собирањето на стаклена амбалажа за 90%. Кога постојат посебни контејнери во населбите, граѓаните се повеќе подготвени за селектирање на отпадот. Општина Илинден во рамки на проектот кој досега се спроведуваше има добиено 18 контејнери за рециклирање на стаклена амбалажа „ѕвона“, кои се распределени на повеќе локации на територијата на општината.



# ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ И МИНИСТЕРОТ ЗЛАТКО ПЕРИНСКИ ЈА ПОСЕТИЈА ОПШТИНАТА

ПРОТОКОЛ



Во рамките на почетокот на активностите на проектите финансирани од Владата на Република Македонија, Општината ја посетија премиерот Христијан Мицкоски и министерот за локална самоуправа, Златко Перински.

Притоа, заедно со градоначалникот извршија увид на градежните работи на изградбата на улица „19“ во должина од 518 метри со тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри, како и дел од улица „20“ во должина од 350 метри со тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри во населба Јака.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЧЕТИРИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНАТА КАКО ДЕЛ ОД ЈАВНИОТ ПОВИК НА ВЛАДАТА



Општината доби финансиски средства за реализација на четири капитални проекти како учесник во владиниот јавен повик. Средствата се наменети за реализација на капитални проекти коишто ќе овозможат поквалитетен живот на граѓаните од Општината. Финансиските средства се наменети за реализација на проектот „Изградба на улица „500“, Армирано бетонски плочаст мост над одводниот канал кај Меморијалниот центар во населба Јака, реконструкција на коловозот на локалниот пат Бујковци-Мршевци со одведување на атмосферските води од локалниот пат, изведба на фекална канализација за дел од населено место Кадино колектор К4, како и за изградба на сервисна улица бр. 19 во УП за Илинден, Марино и дел од КО Кадино блок 32.

Градоначалникот Георгиевски упати голема благодарност до премиерот Христијан Мицкоски и Владата на Република Македонија за помошта и поддршката којашто ја доби Општината.

## ВЛАДАТА ЌЕ ФИНАНСИРА ПЕТ НОВИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНАТА

**Со одлука на Владата на Република Македонија ќе се реализираат пет нови капитални проекти во Општина Илинден. Овие проекти се дел од објавениот втор јавен повик и истите се однесуваат на следните активности:**

- Реконструкција на коловоз на улица „9“ во населба Илинден.
- Изградба на сервисна улица „3“ во Јака.
- Изградба на сервисна улица „11“ во Јака.
- Реконструкција на локалниот пат Мршевци – Дељадровци.
- Доградба на ООУ „Гоце Делчев“ во населба Илинден.

**Станува збор за капитални проекти коишто се дел од Програмата за работа на Општина Илинден, а истовремено предложени од граѓаните на Општината како приоритетни за нивна имплементација. За овие проекти во изминатиот период Општината изготви целосна техничко – проектна докумантација.**

# ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА ЗА МЛАДИ

Во организација на Локалниот младински совет, во Домот на култура „Илинден“ се одржа панел дискусија на тема „Гласот на младите - подобра иднина“. На настанот на кој беа присутни голем број млади учествуваа и пратеничката во Собранието на Република Македонија, Марија Петрушевска, советничката во Советот на Општина Илинден, Драгана Бојковска и претседателот на Локалниот младински совет, Драган Ѓуровски, а присутни беа и претставници од фондацијата Westminster и од ОДАС – Организација за дијалог и афирмација на средношколците.







# ОТВОРЕНА МЛАДИНСКА КАНЦЕЛАРИЈА

Во просториите на Домот на култура во Марино отворена е младинска канцеларија, којашто има за цел подобрување на квалитетот на живот на младите. Отворањето на оваа младинска канцеларија е во насока на поддршка на волонтерството, заштита на животната средина, проактивна вклученост на младите во културните случувања и процеси и изнаоѓање на форми за што поголема вклученост на младите во спортот, олеснување на преминот на младите од образование кон пазар на труд и мотивирање за нивно стручно надоградување.

# СО МАКПЕТРОЛ Е ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КАМПАЊАТА „КРЕНИ ГЛАС ПРОТИВ ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО“

Со компанијата „Макпетрол“ потпишан е Меморандум за соработка за проектот „Крени глас против врсничко насилство“. Меморандумот во којшто се утврдуваат активностите за спроведување на проектот во основните училишта на територија на Општината го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и директорката на Макпетрол, Марија Јосифовска Спасовска. За таа цел во училиштата се организираат едукативни предавања и работилници од стручен психотерапевт за учениците од 6, 7, 8 и 9 одделение на тема врсничко насилство, како и дистрибуција на едукативен материјал, со цел препознавање и спречување на врсничкото насилство.



## ПРОТОКОЛ



### ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ „ИЛИНДЕН“

Под покровителство на Општината промовирана е првата Монографија на Здружението на пензионери „Илинден“. Во монографијата опфатена е историјата на формирањето, развојот и активностите што се извршени за периодот на 14 години постоење на Здружението на пензионери „Илинден“. Претседателот на Здружението на пензионери, Васе Ѓорѓиевски, на градоначалникот Александар Георгиевски му додели посебна плакета во знак на благодарност за поддршката на Здружението, како и поддршката за издавањето на оваа монографија, во која се впишани сите важни информации од почетокот на формирањето на здружението сè до денес.



### РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ СО ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со градоначалникот на Општина Петровец, Борче Митевски, на која стана збор за реализација на проекти од заеднички интерес на двете општини. За време на средбата, градоначалниците потпишаа формулари за аплицирање за проекти од Програмата за рамномерен регионален развој, во рамките на која беше и реализацијата на проектот за Реконструкција на локален пат Илинден-Хиподром-Маџари.

### ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Се одржуваа редовни седници на Локалниот Совет за превенција со претставници од надлежните институции, а во рамки на подобрување на јавната безбедност на територија на Општината. Целта на Локалниот совет за превенција е утврдување на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општината, како градење на доверба и партнерски однос и превенција на појавите што негативно влијаат на јавната безбедност.



### РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ФОНДАЦИЈАТА WESTMINSTER И КЛУБ НА МЛАДИ ПРАТЕНИЦИ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со претставници од фондацијата Westminster, како и пратеници од Собранието на Република Македонија, кои се дел од Клубот на млади пратеници, претставниците на Локалниот младински совет во Општина Илинден, како и претставници од Советот на Општина Илинден. Целта на средбата беше пратениците да се запознаат со имплементацијата на младинските политики на локално ниво, законот за млади и младинските потреби на локално ниво.





## СКЛУЧЕН Е ДОГОВОР МЕЃУ ОПШТИНА ИЛИНДЕН И ДРЖАВНИОТ АРХИВ

Општина Илинден склучи договор со Државниот архив, со кој од страна на Комисија формирана од Државниот архив беше извршен целосен попис и опис на архивскиот материјал од трајна вредност, како и документарен материјал со кој располага Општина Илинден за периодот 1996-2017 година, со што беа обработени вкупно 284 архивски кутии со архивски материјал од трајна вредност и 613 архивски кутии со документарен материјал со изминати рокови на чување за кој беше добиена согласност од Државниот архив за негово уништување.

## СЕДНИЦА НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во просториите на Општината редовно се одржуваа седници на Штабот за заштита и спасување со кои раководеше командантот, градоначалникот Александар Георгиевски. Покрај членовите од Штабот присуствуваа и претставници од јавните претпријатија од Општината, како и претставници од ОКТА, Макпетрол, ТАВ и ПО Петровец, претставници од Општинскиот противпожарен сојуз на Илинден, како и АД Водостопанство.





## ЗАЕДНО СО ОПШТИНИТЕ ГАЗИ БАБА, БУТЕЛ И ЧУЧЕР САНДЕВО ПОТПИШАН Е МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЛАГ

Градоначалникот Александар Георгиевски заедно со градоначалниците на општините Гази Баба, Бобан Стефковски, на Бутел, Дарко Костовски и на Чучер Сандево, Сашко Комненовиќ, потпишаа Меморандум за соработка за основање на локална акциона група (ЛАГ). Со основањето на оваа Локална акциона група треба да се придонесе кон нов пристап за развој на овие четири општини, со што ќе се зголемат можностите за добивање на поголеми финансиски средства за имплементација на проекти.

## ПРОТОКОЛ



## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ АЛЕКСАНДАР ГЕОРГИЕВСКИ БЕШЕ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Советот за развој на Скопскиот плански регион во 2022 година го избра градоначалникот Александар Георгиевски за нов претседател на Советот за развој со мандат од една година. Градоначалникот ја доби довербата да раководи со Советот за развој на Скопскиот плански регион кој опфаќа 17 општини и Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.



## ХРИСТИЈАН МИТЕВСКИ БЕШЕ СПЕЦИЈАЛЕН ГОСТИН НА ОПШТИНАТА

Специјален гостин на Општината и на градоначалникот Александар Георгиевски беше Христијан Митевски од Штип, личност со попреченост, но полн со идеи, со живот, позитивна енергија, широко срце за дружење. Тој се обидува да придонесе да се подобри општеството, во кое ќе преовладува почитта, мирот, разбирањето и љубовта, но и општество во кое треба да имаме европски вредности.

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА - „ПОДАЈ РАКА-ХУМАНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Се реализираа повеќе хуманитарни акции во рамки на акцијата под мотото „Подај рака-хумана Општина Илинден”, за донација на храна и хигиенски производи, наменети за социјално загрозената категорија граѓани на територијата на Општината. Хуманитарните акции се реализираа во соработка со Црвениот крст и бизнис заедницата од Општината, кои несебично им подадоа рака на ранливите категории граѓани. Акции беа организирани и по повод големиот христијански празник Велигден, како и Божиќните празници.

Градоначалникот упати голема благодарност до сите општествено одговорни компании кои овозможија преку своите донации успешно да се спроведува оваа голема хумана акција, како ТАВ Македонија, компанија којашто активно секоја година учествува во оваа голема хуманитарна акција, како и БД Интер Кар, Гранд Слот, Дени Интернационал, Интер – ОИЛ, Џонсон Мети, Пекабеско, МАН, СИГО, Компанија Атанасовски, Компанија Петковски, Рио кафе, Мултипром...



## СРЕДБА СО АТЛЕТИЧАРОТ ДАРИО ИВАНОВСКИ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари средба со Дарио Ивановски, еден од најдобрите македонски атлетичари, човекот кој е актуелен рекордер на Македонија во 9 (девет) атлетски дисциплини и во 20 наврати ги има урнато националните рекорди. Дарио Ивановски е единствениот Македонец кој победил на Скопскиот интернационален маратон во генерален пласман во сезоната 2021, и е избран за најдобар атлетичар на Македонија за 2017, 2018 и 2019-та година.





# ПЛАКЕТА ЗА НАЦЕ ПЕТРУШЕВСКИ, БОРЕЦ ОД ИЛИНДЕН ВО НОБ

По повод одбележувањето на 13 Ноември, 80-ет години од ослободувањето на Скопје, градоначалникот Александар Георгиевски го посети Наце Петрушевски од населено место Бучинци кој има 103 години и е единствениот жив борец од Илинден што учествувал во НОБ. При посетата градоначалникот на дедо Наце му врачи плакета за особен придонес и учество во Народно ослободителната борба на Македонија. Во посета кај Наце Петрушевски беше и Никола Ангеловски - Коле, најмлад курир учесник во НОБ, при што тие раскажуваа за нивниот животен пат и борба за слободна Македонија.

# СЕРТИФИКАТ ЗА УСПЕШНА СОРАБОТКА СО УСАИД




Градоначалникот Александар Георгиевски присуствуваше на настанот организиран од УСАИД во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“. Проектот е финансиран од САД и има за цел создавање на партнерство за поефикасни општини. Поради успешната соработка, на градоначалникот Георгиевски му беше врачен сертификат за посветеноста на Општина Илинден во реализирањето на техничката поддршка од Проектот, како и постигнатите резултати во унапредување на административните капацитети за зголемување на приходите од сопствени извори на финансирање, пристап до надворешни извори за финансирање, како и зголемување на нивото на извршување на буџетот на Општината.

# СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА УКИМ



Во просториите на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржа состанок со Гернот Валтер координаторот за Западен Балкан во Владата на Штаерска, Република Австрија. На состанокот присуствуваше градоначалникот Александар Георгиевски, во својство на претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион, како и проф. д-р Валентина Гечевска, проректор за наука и проф. д-р Ордан Чукалиев, проректор за меѓународна соработка. Состанокот се реализира во функција на запознавање со Стратегијата за Западен Балкан на Австриската покраина Штаерска, воспоставување соработка, како и идни заеднички проекти.

# ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА НА НАЈВОЗРАСНИОТ БЕРБЕР ВО ОПШТИНАТА



Со доделување на посебна плакета градоначалникот Георгиевски му оддаде признание на највозрасниот бербер во општината, Цане Стојменовски, кој веќе 60 години, со остра ножица и топло срце, не крати само коса, туку времиња, генерации и приказни.

Стојменовски има 80 години и сѐ уште работи во својот берберски дуќан што веќе со години се наоѓа во Марино.

# СОЗДАДЕНИ ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

**Создадените поволни услови за стопанисување придонесоа Општината и натаму да биде привлечна за домашните и странските компании, како за отворање на нови, така и за проширување на постоечките капацитети со цел отворање на нови работни места. Тоа се должи на изградбата на транспортната, комуналната и енергетската инфраструктура во локалните економски зони во изминатиот период**





- Проширување на капацитетот изврши и компанијата SCANIA, која организираше свечено отворање на новиот сервис центар.
- Проширување на капацитетот направи компанијата „Дени Интернационал“ со изградба на нов деловен објект, магацински простор на површина од околу 12.000 метри квадратни.
- Компанијата „Елмед“ го догради индустрискиот објект за производство, сервисирање и складирање на индустриска опрема.
- Компанијата „ЈЦС Бард Логистик“ изгради производствен погон со магацини на површина од околу 8.000 метри квадратни.

## ПОЧНА СО ИЗГРАДБА НОВА ФАБРИКА НА ЧАГАТАЈ КАБЛО

Во Технолошко-индустриската зона Скопје 1почна да се гради нова фабрика на Чагатај Кабло, водечки производител на кабли и електрична опрема. Новата инвестиција која што е во вредност од 6 милиони евра ќе создаде 200 нови работни места и ќе има големо влијание врз економскиот раст како во Општината, така и во регионот.






## ОТВОРЕН ДЕН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во просториите на Домот на култура „Илинден" Хелсиншкиот комитет како овластено здружение за пружање на бесплатна правна помош, одржа отворен ден за бесплатна правна помош за сите заинтересирани граѓани на Општината.

## ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ ВО ОПШТИНАТА

Во рамки на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, се одржа работен состанок на кој присуствуваа, градоначалникот, директорот на Проектот Бардул Марку заедно со тимот, како и претставници од Општината. На состанокот се разговараше за позитивните промени во Општина Илинден како резултат на техничката поддршка од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите. Општина Илинден беше една од првата група на 15-те партнер општини кои соработуваа со Проектот од мај 2021 година до декември 2022 година, во кој период Општината ги зголеми: наплатата на приходи од сопствени извори и наплатата на данокот на имот, активната, буџетска и даночната транспарентност, капацитетите на одделението за Локален Економски Развој за подготовка на проектни апликации и соработка со деловниот сектор.

## ОДБЕЛЕЖАН МЕСЕЦОТ НА БУБРЕГОТ

Во организација на Здружението на бубрежно болни граѓани „Ренална Поддршка" - Кавадарци, во Домот на култура „Илинден" беше одбележан „Март - месецот на бубрегот". Целта на одбележувањето е подигање на јавната свест за важноста на бубрезите.

## ПРОМОВИРАНИ МЕРКИТЕ ОД ПРОГРАМАТА „ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА"

Во конференциската сала на Домот на култура „Илинден" се одржа информативна средба посветена на програмите, активностите и актуелните мерки од програмата „Економија на грижа". На средбата во организација на УНДП и Хуманитарното здружение на граѓани и лица со хендикеп „Илинден" стана збор за две мерки - Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа во заедницата, и втората мерка - Поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти-даватели на услуги за грижа на заедницата.

## РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во својство на претседател на Советот за социјална заштита на Скопскиот плански регион градоначалникот Александар Георгиевски ја отвори Работилницата за развој на социјални услуги на регионално ниво. Работилницата се реализира со поддршка од Канцеларијата на УНДП и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку проектот „Креирање можности за работа за сите".

## ОБУКА НА ДОБРОВОЛНИ ПОЖАРНИКАРИ

Општинскиот противпожарен сојуз „Илинден" спроведе курс за доброволни пожарникари, на кој учествуваа триесетина доброволни пожарникари од доброволните противпожарни друштва од населба Илинден и населените места Ајватовци, Мршевци, Дељадровци и Бунарџик.

## ПОКАЗНИ ВЕЖБИ ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Во соработка со Црвен крст на Скопје, Противпожарната бригада Скопје и припадниците на МВР од полициската станица во Петровец, успешно се спроведоа симулациони вежби во ООУ „Ристо Крле" и ООУ „Браќа Миладиновци", во случај на елементарни непогоди. Целта на вежбите беше запознавање на учениците со мерките за евакуација во случај на земјотрес и пожар.





# ПОСТАВЕНА УРБАНА ОПРЕМА ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Во насока на создавање квалитетни услови за одмор и рекреација на сите жители, како и разубавување на просторот, континуирано се работеше на обнова и поставување на нова урбана опрема**





- Изградени се симболични скали со заштитна ограда што водат од локалниот пат во населеното место Бучинци до црквата „Света Троица“, како и одморалиште со клупа и корпа за отпадоци.

## ВО БУНАРЏИК Е ИЗГРАДЕН НОВ ВИДИКОВЕЦ

Жителите добија ново место за релаксација и рекреација. Во Бунарџик е изграден видиковец од бетон, поставени се клупи, корпи за отпадоци, просторот е осветлен и хортикултурно уреден. Овој проект се реализира заедно со општествено одговорни компании.



- Обновена е постоечката и поставена нова урбана опрема во неколку населени места - поставени се клупи, канти за отпадоци, а извршена е и реконструкција на заштитни огради.



- Покрај пешачко-велосипедската патека во Марино поставени се две нови фонтани за пиење вода.



- Изградени се нови и реконструирани постоечките автобуски постојки во повеќе населени места.



### КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ

Драгоцената течност што живот значи ја даруваа голем број крводарители, со што жителите на Општина Илинден ја покажаа хуманоста и солидарноста на дело преку дарувањето на крв да спасат нечиј живот. Секоја дадена капка од оваа драгоцена течност некому многу значи.

### ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ТАЛЕНТИ

Општината го помогна гостувањето на младата поетеса Викторија Ангеловска во Загреб, Хрватска, каде што таа со поетско читање настапи во библиотеката „Марија Јуриќ Загорка“ во Загреб, во рамките на меѓународната книжевна размена помеѓу Хрватска и Македонија, во организација на Хрватско друштво писаца (ХДП) и издавачката куќа „ПНВ Публикации“ од Скопје. Таа учествуваше и на престижниот интернационален поетски фестивал „Стих у регији“ (СУР) во Загреб. Викторија Ангеловска е родена и живее во Општина Илинден и е една од најперспективните млади македонски авторки. Досега ги напишала стихозбирките „Станица 15“ и „Нокта сè знае“.

### ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД 500.000 ДЕНАРИ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД ПОЖАРОТ ВО КОЧАНИ

Општина Илинден од општинскиот буџет за помош на настраданите семејства донираше 500.000 денари за настраданите во пожарот во Кочани. Во знак на поддршка, Општината ги донираше овие финансиски средства во Фондот за солидарност на Црвениот крст на Република Македонија, со цел да се обезбеди директна помош на погодените семејства. Градоначалникот истакна дека оваа донација е мал гест на солидарност што има за цел да им помогне на семејствата погодени од оваа тешка трагедија.

### МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА-ИЛИНДЕН ОДБЕЛЕЖА 55 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО

Во Домот на култура „Илинден“ беше одбележана 55 годишнината од формирањето на Месната заедница-Илинден. Настанот беше искористен за доделување благодарници на сите оние што имаат дадено придонес за развојот и унапредувањето на Месната заедница-Илинден.



### МАЛИОТ ЛУКА ЈОВАНОВСКИ БЕШЕ СПЕЦИЈАЛЕН ГОСТИН НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Малиот Лука Јовановски беше специјален гостин на градоначалникот. Лука е дете од девет години кое има попреченост со својот вид, но има голема љубов кон музиката и музичките инструменти. Тој свири на тапани, хармоника и синтисајзер, чита и пишува на брајово писмо и има голема желба да се запознава со јавни личности. Градоначалникот истакна дека му претставува чест и задоволство што Лука е жител на Општината и што посакал да ја посети.

## СВЕТСКИТЕ ШАМПИОНИ ОД „МАРБАЛ“ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГЕОРГИЕВСКИ

На прием кај Градоначалникот беа младите танчери од балетското студио „Марбал“, кои се вратија од Атина, Грција, како светски шампиони на интернационалниот натпревар „WADF GREECE 2025“, под покровителство на Светската федерација за уметнички танц.

Тимот, составен од деца на возраст од 8 до 12 години, се натпреваруваше во категоријата „show dance formation juniors“ и го освои првото место. Освен тоа, младите танчари постигнаа одлични резултати и во други соло категории, освојувајќи уште четири први места, две втори и две петти места.



## ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА

# ЛИТЕРАТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА ИЛИНДЕН



Со бројни настани од областа на културата во континуитет секоја година се реализираат традиционалните „Денови на културата во Општина Илинден“. Стотици познати писатели и поети од земјата и од странство беа дел од традиционалната Литературна манифестација „Илинден“ којашто се реализира со поддршка на Министерството за култура и туризам, а во соработка со Друштвото на писателите на Македонија.

Во рамките на манифестацијата, во присуство на голем број  посетители  во Домот на култура „Илинден“ се одржаа повеќе промоции на книги, трибини, креативни работилници, изложби, концерти, настап на истакнати солисти од Националната опера и балет, проекции на филмови. Секоја година централен настан на манифестацијата е поетската вечер на која љубителите на пишаниот збор можат да уживаат во стиховите на многу реномирани македонски и поети од странство.

Во рамките на манифестацијата, на задоволство на учениците се одржуваше и традиционалното „Литературно матине за деца“, на кое учествуваа истакнати македонски писатели за деца и млади. Во рамките на Литературното матине беа наградувани најдобрите творби на учениците коишто учествуваа на конкурсот што го организираше Општината по повод



Литературната манифестација „Илинден“.

На сите учесници, покровителот  на манифестацијата, градоначалникот Александар









Георгиевски им додели признанија за особен придонес во афирмацијата на културата и културниот развој на Општина Илинден.





# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Општина Илинден и Друштвото на писателите на Македонија по повеќегодишна успешна соработка за првпат потпишаа официјален документ - Меморандум за соработка. Меморандумот го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и тогашниот претседател на Друштвото на писателите на Македонија, проф. д-р Христо Петрески. Според Меморандумот, Друштвото на писателите на Македонија и Општината заеднички ќе учествуваат во креирањето на програмата и реализацијата на програмските содржини на традиционалната Литературна манифестација „Илинден“.

Во знак на благодарност за успешната соработка првите луѓе на ДПМ на градоначалникот, Александар Георгиевски му доделија почесна титула „Пријатели на ДПМ“ која што се доделува на почесни пријатели и поддржувачи на асоцијацијата.



# СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК „ИЛИНДЕН 2-ри АВГУСТ“







Секоја година со повеќе настани, на свечен начин се одбележува патрониот празник на Општината „Илинден 2-ри Август“ и националниот празник на македонскиот народ. На централната манифестација што се одржува во комплексот на Домот на култура „Илинден“, во рамките на забавно музичката програма присутните имаа можност да уживаат во настапите на бројни ѕвезди од македонската естрада, како Миле Кузмановски, Наум Петрески, Зуица Лазова, Андријана Јаневска, Александар Тарабунов, Ибуш Ибраимоски, Ламбе Алабаковски, ДНК, комичарот Бојан Велевски, КУД „Гоце Маркоски“, АНПИ „Илинден“, хорот на Здружението на пензионери „Илинден“...

Во рамките на одбележувањето на патрониот празник е и ликовната изложба на околу 40-тина уметнички дела, резби и скулптури направени од 10-тина уметници од Општината. По повод патрониот празник секоја година се одржува и традиционалната крводарителска акција, на која жителите на Општината на дело ја покажуваат хуманоста и солидарноста.





# МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВ. ТРОИЦА“



На амфитеатарот при Домот на култура „Илинден“, секоја година се одржува Меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Троица“.

На фестивалот што се реализираше со поддршка од Општината, а во организација на КУД „Гоце Марковски“ од Долно Лисиче настапија културно уметничките друштва од Украина, Романија, Молдавија, Бугарија, Турција, Србија, Босна и Херцеговина, како и неколку ансамбли од Скопје, КУД „Гоце Маркоски“, АНПИ „Илинден“, ФА „Седенка“ и ансамбл „Ѓорче Петров“.

Дел од фестивалот е и дефилето во кое сите учесници тргнувајќи од пред ПООУ „Гоце Делчев“ придружувани со зурли и тапани се движат по главната улица во населба Илинден, кон кружниот тек, каде што се игра најголемото интернационално оро во Општината, се до Домот на култура „Илинден“.

Градоначалникот Александар Георгиевски на учесниците им додели плакети за придонес во културата и културните вредности.

# ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ВРЕДНОСТИ

Градоначалникот Александар Георгиевски потпиша договор со кој се дава поддршка на локалната музичка група од Општината, „Енерџи Бенд“. Ова е дел од активностите насочени кон зачувување и промовирање на традиционалните македонски музички културни вредности. Договорот се однесува на реализација на музичкиот проект за преработка на македонски патриотски песни, кои се историско наследство на македонската музика.





# БАДНИК

Во Домот на култура „Илинден“ градоначалникот Александар Георгиевски ги пречека младите коледари кои со песна ја вознесоа веста за Христовото раѓање. На Бадниковите коледари Градоначалникот им подари коледарско пакетче.

# ВОДИЦИ

Со осветување на водите и положување на светиот крст во водите на езерото на хотелот „Белви“, што го извршуваат свештениците од црквата „Свети Константин и Елена“, секоја година масовно се одбележува големиот христијански православен празник Богојавление – Водици.





## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ДРАГО МАНЕВСКИ

Со положување свежо цвеќе пред спомен плочата секоја година се одбележува годишнината од смртта на припадникот на македонските безбедносни сили Драго Маневски, кој го даде животот во борба за татковината.

Драго Маневски е роден 1966 година во Марино, загинува на 11 ноември во Требош, во кризната 2001 година како член на безбедносните сили на Република Македонија.

По иницијатива на Градоначалникот спортскиот комплекс во населба Илинден го доби името „Драго Маневски“.

## ОДБЕЛЕЖАНА ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

Со положување свежо цвеќе пред спомен-плочата во Бунарџик и фудбалски натпревари се одбележа годишнината од трагичната смрт на Роберт Петковски. Тој, како припадник на Министерството за одбрана, трагично загина во Вејце, на 28 април 2001 година.

Во чест на Роберт Петковски кој беше член на фудбалскиот клуб „Бунарџик“, реконструираното фудбалско игралиште во Бунарџик на кое се играат фудбалските натпревари во негова чест го носи името „Роберт Петковски“.



## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА

Со положување свежо цвеќе пред споменикот на војводата Васил Стојанов-Аџаларски, во Миладиновци, секоја година се одбележува Денот на македонската



револуционерна борба 23-ти Октомври. Покрај делегација на Општината свежо цвеќе положија, советници, претставници на општинските јавни институции и установи, претставници на Сојузот на борци, Здружението на пензионери и невладини организации, месни заедници и граѓани.

Васил Стојанов-Аџаларски е роден во селото Аџалари, денешно Миладиновци во 1880 година, а загинува во 1909 година. Пред и по Илинденското востание бил предводник на поголема чета, а во неговата чета имало повеќе комити од околните места на денешна Општина Илинден.

## ТРИБИНА ПО ПОВОД ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ВАСИЛ СТОЈАНОВ АЏАЛАРСКИ

По повод 113 години од смртта на војводата Васил Стојанов Аџаларски, во Домот на културата „Илинден“, во организација на Здружението за чување и негување на македонската традиција „Македонски Аманет“, беше одржана трибина за ликот и делото на скопскиот војвода.



## НОВОГОДИШЕН БАЗАР „ПАТЕКА НА РАДОСТА“

Во соработка со општествено одговорни компании секоја година се одржува Новогодишен базар под мотото „Патека на радоста“. Покрај интересни подароци за Новогодишните и Божиќните празници, Базарот кој за првпат се одржува во Општината, на граѓаните им понуди и богата музичка програма.



## СПОМЕН-ПЛОЧА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ ОД НОБ

На влезот во Домот на култура „Илинден“ поставена е спомен плоча на паднатите борци во Народноослободителната војна и револуција што ги даде населеното место Илинден од 1941-1945 година. Станува збор за возобновување на спомен плочата која пред повеќе од десет години се наоѓаше во стариот Дом на култура „Илинден“.

## СО „САЕМ НА ДОМАШНО ВИНО“ ОДБЕЛЕЖАН СВЕТИ ТРИФУН

Во дворот на црквата „Свети Трифун“ во Ајватовци, со традиционално закројување на виновата лоза секоја година на свечен начин се одбележува празникот на лозарите и градинарите. Одбележувањето е проследено со Божествена литургија на која присуствуваат голем број верници.

Во рамките на овој празничен ден, во организација на црковниот одбор на црквата „Свети Трифун“, а под покровителство на градоначалникот, се одржува и Манифестацијата „Саем на домашно вино“ на која се врши избор на најдобро произведено домашно вино во Општината. Најдоброто вино го одбира жири комисија составена од членови на „Вински витези“, Здружение за промоција на македонското вино и на македонската култура.



## НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На децата со попреченост од двете хуманитарни здруженија „Боиме сино“ и „Илинден“ кои се единствени на територија на Општината со кои е потпишан Меморандум за соработка, им беа доделени новогодишни пакетчиња.



# ОСВЕТЕН НОВОИЗГРАДЕНИОТ ЦРКОВЕН ХРАМ „СВЕТИ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА“



Во присуство на голем број верници беше осветен новоизградениот црковен храм „Свети Константин и Елена“. По тој повод се одржа заедничка Архиерејска литургија на која чиноначалствуваа Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и преосветениот Епископ Дељадровско-Илинденски г. Јоаким со повеќе свештенослужители. За време на Архиерејската литургија на новоизградениот црковен храм Архиепископот г.г. Стефан на градоначалникот Александар Георгиевски му додели Одличие за особен придонес во изградбата на овој црковен храм. Голем придонес во изградбата на оваа црква даде формираниот Одбор за изградба, кој изминатите години успеа да обезбеди донатори како од месното население така и од околните населени места, локалната самоуправа, локалната бизнис заедница и МПЦ-ОА. Инаку, изградбата на оваа црква почна на 9 јуни 2012 година, кога беше и поставен камен темелник од страна на г.г. Стефан, поглавар на МПЦ-ОА, така што овој ден е од особено значење како за црквата, така и за жителите од Општина Илинден.



## ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА

Секоја година свечено се одбележува празникот Св. Константин и Елена. Во присуство на голем број верници во новоизградениот црковен храм „Св. Константин и Елена“, се одржа литургија на која чиноначалствуваа Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и преосветениот Епископ Дељадровско-Илинденски г. Јоаким со повеќе свештенослужители.

## ОСВЕТЕН ВОЗОБНОВЕНИОТ ХРАМ „СВЕТА ТРОИЦА“

Во Бучинци, во присуство на поголем број верници, на свечен начин беше осветен возобновениот храм „Света Троица“. Чинот на осветувањето на храмот го изврши митропиолитот Кумановско-осоговски Григориј, а осветувањето беше проследено со богата културно-уметничка програма.





# МОНГРАФИЈА И ЛИКОВНИ ИЗЛОЖБИ НА НОВИЦА ТРАЈКОВСКИ

По повод одбележувањето 40 години работа и 60 години живот на нашиот истакнат уметник Новица Трајковски, во галеријата на Домот на култура „Илинден“ беше отворена ликовна изложба наречена „Патување“. Посетителите имаа можност да погледнат 45 врвни уметнички дела на Трајковски, а за неговото творештвото говореа Соња Ризова Јовановски, директорка на Центарот за култура на Славјанскиот универзитет во Свети Николе, историчарот на уметност, Љубен Пауновски и поетот Ефтим Клетников.

Исто така во галеријата на Домот на култура „Илинден“ беше отворена и ликовната изложба наречена „Три генерации Трајковски“. Љубителите на ликовната уметност имаа можност да погледнат околу 70 врвни уметнички дела насликани од Новица, но и на неговите тројца наследници од семејството. Во рамките на изложбата беше промовирана и првата монографија на Новица Трајковски во која е собран голем дел од неговото ликовно творештво од последните неколку години. Монографијата е издадена под покровителство на Градоначалникот, Александар Георгиевски.



# ГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ПЕСНИ И ИГРИ „ИЛИНДЕН“

Во Домот на култура „Илинден“ се одржува годишниот целовечерен концерт на Ансамблот за народни песни и игри „Илинден“. Присутните имаат можност да уживаат во прекрасно изведени традиционални македонски ора од Ансамблот, кој е основан на почетокот од 2012 година.

# РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ НА ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, чиј домаќин беше Здружението на пензионери – „Илинден“, во Домот на култура се одржа Регионална ревија на песни, музика и игри на пензионерски здруженија од регионот. Оваа Регионална ревија е од голема важност за пензионерите, бидејќи дава свој придонес во зачувувањето на културната традиција, во негување на фолклорот, дава можност за дружење, подолг и поквалитетен живот на пензионерите.




# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ШЕГАТА

Учениците од основните училишта, како и децата од градинката „Гоце Делчев“, секоја година под маски го одбележуваат Светскиот денот на шегата „1-ви Април“. Маскенбалот и Априлијадата е настан кој што децата нестрпливо го очекуваат цела година, па



оттука не треба да изненадува нивната креативност во изработката на маските, при што доаѓа до израз бујната детска фантазија во оживувањето на бројните ликови од детските приказни, од стриповите и од бајките.

# ИНВЕСТИЦИИ ВО СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

**Локалната самоуправа останува посветена на континуираните вложувања во спортот и спортската инфраструктура. Досегашната пракса на инвестирање и создавање на услови за спортување преку инвестирање во спортската инфраструктура, односно изградба на голем број спортски и детски игралишта, постојано се покажува како највредна инвестиција за сите генерации, но пред сè за најмладите во насока на нивно насочување кон поздрав начин на живот. Оттука и потребата да се изградат нови и комплетно да се реконструираат постоечките фудбалски, кошаркарски и мултифункционални игралишта. Посебно внимание се посвети на најмладите жители на Општината-дечињата за што се изградени и реконструирани повеќе детски игралишта во населба Илинден, во Марино, Кадино, Ајватовци, Мршевци, Текија, Бучинци, Бујковци, Миладиновци, Дељадровци, Бунарџик, Мралино, месноста Јака. Дел од овие игралишта се инклузивни и наменети и за деца со попреченост.**




**ВО РАМКИТЕ НА СПОРТСКИОТ КОМПЛЕКС „ДРАГО МАНЕВСКИ“**

## ИЗГРАДЕНО НОВО МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ, АТЛЕТСКА ПАТЕКА И ТРИБИНА

Во рамките на Спортскиот комплекс „Драго Маневски“, непосредно до спортската сала „Гоце Делчев“ изградено е ново мултифункционално игралиште коешто е прво од ваков тип во Општината. Игралиштето е на површина од околу 1.000 метри квадратни и е наменето за мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка. Поставена е заштитна





ограда, ЛЕД осветлување, клупи и корпи за отпадоци. Просторот е партерно уреден, со што Спортскиот комплекс доби сосема нов лик. Со изградбата на мултифункционалното игралиште младите добија спортски

терен граден според високи стандарди, каде што можат во спортски дух да го поминуваат слободното време. Околу новоизграденото мултифункционално игралиште, изградена е атлетска патека, односно четири атлетски патеки во вкупна должина од 200 метри, на која е поставена најсовремена тартан подлога. Покрај патеката изградена е бетонска трибина со 175 седишта, како и ограда околу трибината. Во рамките на предавањето во употреба на овој спортски објект на кој присуствуваше и министерот за спорт, Борко Ристовски, во придружба со претставници од семејството, беше откриена и спомен таблата на паднатиот борец Драго Маневски, чие име го носи овој спортски комплекс.

Со изградбата на овој комплекс, што е прв од ваков вид во Општината, спортистите, односно атлетичарите имаат одлични услови за вежбање со цел остварување на големи успеси. Пред почетокот на свеченото отворање на атлетската патека Градоначалникот му врачи плакета на атлетичарот Дарио Ивановски, за особен придонес и промоција во спортот.








# ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НОВИОТ ТЕРЕН НА ФУДБАЛСКИОТ СТАДИОН ВО ИЛИНДЕН

Со одигрување фудбалски натпревар беше пуштен во употреба новиот терен на фудбалскиот стадион во населба Илинден. Капитална инвестиција што ја реализираше Општината во соработка со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ). Овој проект претставува едно од најзначајните инфраструктурни вложувања во спортот на локално ниво и е симбол на континуираниот развој на општината.

Стадионот е изграден согласно сите современи стандарди за одржување на фудбалски натпревари, вклучително и критериумите на УЕФА, а на отворањето присуствуваше и претседателот на ФФМ, Масар Омерагиќ.

Со Проектот беше опфатена комплетна реконструкција и проширување на фудбалскиот терен со поставување на нова вештачка трева и нова заштитна ограда, како и изградба на систем за дренажа и одводнување, со што ќе се добие професионална подлога за одржување на фудбалските натпревари. Во следната фаза ќе биде изградена нова трибина со капацитет од 1100 гледачи, како и нови административни и технички простории, соблекувални и стадионско осветлување. Исто така, ќе се изградат паркинг места, а хортикултурно ќе биде уреден и просторот околу стадионот.





## НОВО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО

Како дел од заложбите за подобрување на наставата по физичко образование и промоција на здрави навики меѓу младите, во дворот на ООУ „Ристо Крле“ во Кадино изградено е ново повеќенаменско спортско игралиште.

Игралиштето е изградено на целосно нова бетонска подлога, со терен обележан за повеќе спортски дисциплини, за што се поставени нови голови и кошеви. Целиот простор е ограден со нова заштитна ограда и опремен со модерно осветлување со канделабри. Со оваа реконструкција, учениците добиваат современи услови за реализација на часовите по физичко воспитување, но и простор за одржување на спортско-рекреативни активности.



## ИГРАЛИШТЕ ЗА БАСКЕТ ВО МРАЛИНО

До подрачното основно училиште „Ристо Крле“ во Мралино, на површина од 230 метри квадратни изградено е игралиште за баскет. Со изградбата на ова игралиште значително се придонесе за подобрување на наставата по физичко и здравствено образование на учениците. Играњето баскет, односно уличната кошарка претставува еден вид традиција во Општината.

## КОМПЛЕТНО РЕКОНСТРУИРАНО ИГРАЛИШТЕТО ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО КАДИНО

Комплетно е реконструирано игралиштето за мал фудбал во Кадино. Поставена нова вештачка трева, ново ЛЕД осветлување, променета е заштитната ограда, поставени се нови голови, клупи, корпи за отпадоци, просторот е партерно уреден, со што ова фудбалско игралиште доби целосно нов лик.



## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МИЛАДИНОВЦИ

Реконструирано е спортското игралиште во рамките на општинското основно училиште во Миладиновци. Обновен асфалтниот слој на игралиштето, извршено е проширување на теренот, поставено е ново ЛЕД осветлување, извршена е обнова на заштитната ограда, поставени се нови голови, кош, клупи, корпи за отпадоци. Просторот е партерно уреден, изградена е 40 метри пешачка патека по должина на целото игралиште, со што се доби комплетно нов лик на овој спортски терен во Миладиновци. Со реконструкцијата на игралиштето учениците добија одлични услови за реализација на часовите по физичко образование, но и место за рекреација и забава.





## НОВИ КАБИНИ И ОГРАДА ОКОЛУ ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО МРШЕВЦИ

На фудбалското игралиште во Мршевци поставени се две нови кабини за играчите. Истовремено, заменета е и заштитната ограда околу игралиштето со нова.



## МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ ВО ТЕКИЈА

Извршена е целосна реконструкција на спортското игралиште што се наоѓа во рамките на подрачното општинско основно училиште во Текија. Со реконструкцијата досегашното игралиште за мал фудбал сега е мултифункционално игралиште за фудбал, кошарка и ракомет. Целосно е обновен асфалтниот слој, извршено е проширување на теренот, поставено ЛЕД осветлување, обновена е заштитната ограда, поставени се нови голови, кош, клупи, корпи за отпадоци, како и партерно уредување на просторот. Покрај спортското игралиште реконструирано е и детско игралиште со реквизити, како нишалки и клацкалки.



## ТЕРЕТАНА НА ОТВОРЕНО

Кај пешачко – велосипедската патека во Марино, за прв пат во Општината изградена е комплетно опремена спортска теретана на отворено. Граѓаните можат да се рекреираат и вежбаат на повеќе најсовремени фитнес справи.

## ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО БУЈКОВЦИ

Комплетно е реконструирано спортското игралиште за мал фудбал во Бујковци. Целосно е обновен теренот со нов асфалтен слој, извршено е обележување на истиот, поставено е комплетно ново ЛЕД осветлување, променета е заштитната ограда околу целиот терен, поставени се корпи за отпадоци, а просторот е партерно уреден.



## ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО БУНАРЏИК

Комплетно е реконструирано фудбалското игралиште за мал фудбал во Бунарџик. Обновен е асфалтниот слој, поставено е ЛЕД осветлување, заштитна ограда, нови голови, клупи, корпи за отпадоци.



## ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО МИЛАДИНОВЦИ СО НОВ ЛИК

На фудбалското игралиште во Миладиновци реконструиран е теренот којшто е со површина од 900 метри квадратни, реконструирана е трибината, поставено е ново ЛЕД осветлување, извршена е промена на заштитната ограда, поставени се клупи, корпи за отпадоци. Просторот е партерно уреден, со што овој спортски терен во Миладиновци доби нов лик.



# КОМПЛЕТНО РЕКОНСТРУИРАНИ СПОРТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Комплетно се реконструирани спортските игралишта за фудбал, ракомет и кошарка во ООУ „Гоце Делчев“. Учениците од ова училиште добија комплетно реконструиран и убаво уреден спортски простор, наменет за квалитетно и безбедно одржување на часовите по физичко и здравствено образование.

Во рамки на реконструкцијата поставена е заштитна ограда и метални столбови за осветлување. На игралиштето за мал фудбал, ракомет и одбојка поставени се нови голови, вештачка трева, а на игралиштето за кошарка нови табли и обрачи за кош, додека подот е поплочен со гумирана подлога. Исто така во рамки на спортските терени поставени се клупи, корпи за отпадоци, просторот е партерно уреден, со што овие спортски игралишта добија комплетно нов лик.

Средствата за реализација на овој проект се целосно обезбедени од Буџетот на Општина Илинден.

# САНАЦИЈА НА ФУДБАЛСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ОПШТИНАТА

Интензивно се работеше на санација на тревната површина на три фудбалски терени, од кои еден во Кадино и два во Марино. Со оваа инвестиција се овозможува подобрување на условите за игра, зголемување на стандардите на спортската инфраструктура и се обезбедуваат оптимални услови за играчите и љубителите на фудбалот.

Се изврши промена на оштетени столчиња и замена на дрвените газишта на трибините на фудбалските игралишта „Македонски Бранители“ во Марино, „Ѓемиџии“ во Кадино, фудбалското игралиште „Марино“ во Марино и спортската сала „Гоце Делчев“.





# РЕКОНСТРУИРАНО ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО АЈВАТОВЦИ

Извршена е реконструкција на повеќенаменското игралиште во Ајватовци. Поставени се две нови табли за кошарка, на головите за мал фудбал и ракомет поставена е заштитна мрежа, клупи и канти за отпадоци. Поставени се столбови за осветлување, како и целосно оградување на просторот со заштитна мрежа.



# ИГРАЛИШТЕ ЗА БАСКЕТ ВО КАДИНО

Извршена е реконструкција на игралиштето за баскет во Кадино коешто се наоѓа во непосредна близина на црковниот храм. Поставен е нов кош, извршено е обележување на теренот, санирана е бетонската трибина, заштитната ограда, клупите за седење и поставено е целосно ново ЛЕД осветлување.

# НОВО ДЕТСКО И КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ ВО БУЧИНЦИ

Изградено е ново детско игралиште во Бучинци, а покрај детските реквизити просторот е партерно уреден со павер елементи. Во рамките на детското игралиште изградено е кошаркарско игралиште со бетонска подлога, кош и партерно уреден простор.





# ИЗГРАДЕНО Е ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ БЛИЗУ НОВОТО ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ

Близу новото подрачно основно училиште во населба Илинден, дечињата добија уште едно спортско-рекреативно катче. Детското игралиште е поставено на изградена бетонска плоча, врз која се поставени гумени плочки. Во рамки на детското игралиште има реквизити: комбинирана лизгалка, двојна лулашка, единечна клацкалка и други разни детски фигури. Игралиштето е оградено со ограда во вид на моливи. Исто така, поставени се и павер елементи и осветлување, како и клупи и корпи за отпадоци.

# ПОКВАЛИТЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА САЛА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Комплетно се променети старите метал-халоген рефлектори од осветлувањето во спортската сала „Гоце Делчев“ со нови ЛЕД штедливи рефлектори, со што значително се зголемува јачината на осветлувањето, а се намалуваат трошоците за електрична енергија.

Истовремено, се изврши промена на оштетени столчиња во салата.

# ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО ЈАКА

Изградено е првото детско игралиште во населбата Јака, во чии рамки се поставени детски реквизити, нишалки и лизгалки, пристапна патека, поставени се клупи и канти за отпадоци. Децата од населбата добија катче каде што можат да го минуваат времето во игра и забава...



Како донација од општествено одговорната компанија Пекабеско изградено е второ детско игралиште во населбата Јака. Игралиштето е опремено со детски реквизити како лизгалка, форми на коњчиња, клацкалки, лулашка, клупи и канти за отпадоци, а просторот е партерно уреден со павер елементи.



## ОТВОРЕНО Е ПРВОТО ДЕТСКО ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ

Во спортско рекреативниот центар во Марино отворено е првото детско инклузивно игралиште во Општината, кое што располага со разновидни реквизити што можат да ги користат сите, вклучително и децата со посебни потреби. Инклузивното игралиште е направено во соработка со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност-Македонија“ и општествено одговорни компании од Општината.





## ДЕТСКО ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ ВО КАДИНО

Извршена е целосна реконструкција на детското игралиште во Кадино, со што се доби детско инклузивно игралиште. На игралиштето е поставена околу 300 метри квадратни гумирана подлога, поставен е видео надзор, детски реквизити, нишалки, лизгалки, клупи, канти за отпадоци, како и нова заштитна ограда.



## НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО АЈВАТОВЦИ

Во Ајватовци е изградено ново детско игралиште. Просторот е партерно уреден со павер елементи и панелна ограда.



## ОТВОРЕНО НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Отворено е ново детско катче на улица „6“ во населба Илинден, во соработка со општествено одговорни компании. Во рамки на игралиштето е поставена заштитна ограда, детски реквизити, нишалки и лизгалки, игралиштето е поплочено и се поставени клупи и канти за отпадоци.

## НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО БУНАРЏИК

Најмладите жители на Бунарџик добија ново катче за игра, дружење и рекреација, комплетно уредено со современа урбана опрема по највисоки стандарди за детска безбедност и забава. Детското игралиште е опремено со лулашка, лизгалки, фигура коњче, двојна клацкалка, како и метална карпа за искачување. Поставена е метална ограда која го обезбедува просторот и ја зголемува безбедноста при игра, а целокупната површина е партерно уредена со бекатон плочки. Исто така, променети се и бетонските рабници, со што просторот добива современ и функционален изглед. Дополнително, поставени се и клупи, како и нови корпи за отпадоци.



## ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО БУЈКОВЦИ

Во централниот дел на Бујковци, пред Домот на култура изградено е ново детско игралиште при што се поставени детски реквизити, нишалки и лизгалки, клупа и канти за отпадоци.



## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИГРАЛИШТЕТО ВО МИЛАДИНОВЦИ

Комплетно е реконструирано детското игралиште во Миладиновци. Во рамките на игралиштето поставени се детски реквизити, нишалки и лизгалки, поставена е гумирана подлога, клупа, канти за отпадоци, како и санирање на оштетената заштитна ограда.



## ИЗГРАДЕНИ ДВЕ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО МРАЛИНО

Во Мралино се изградени две детски игралишта. Едното се наоѓа на дел од улица „7", додека другото е во дворот на ПООУ „Ристо Крле".





## НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ ВО МРШЕВЦИ

Во Мршевци е изградено ново детско игралиште со што децата добија ново катче за игра и забава. Покрај детските реквизити, нишалки, лизгалки, клупи и канти за отпадоци, изградена е заштитна ограда, како и терен за баскет.



## ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО РАМКИТЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА „ИЛИНДЕН"

Во рамките на Домот на култура „Илинден" изградено е ново детско игралиште. Игралиштето е опремено со детски реквизити, како лизгалка, форми на коњчиња, клацкалки, лулашка...

## ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ДЕЉАДРОВЦИ



Изградено е ново детско игралиште во Дељадровци. Новото детско игралиште се наоѓа во рамките на новоизградениот парк во ова населено место.

## РЕКОНСТРУИРАНО Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ТЕКИЈА



СПОРТ

# ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ НАСТАНИ, КЛУБОВИ И СПОРТИСТИ

**Со организацијата и покровителството на голем број спортски настани, како и поддршката на клубовите и спортистите се дава огромен придонес во развојот на спортот и физичката култура. Грижата за спортистите и спортските клубови секогаш била еден од приоритетите во работата на локалната самоуправа, а потврда за тоа се одржувањето на голем број спортски натпревари од локален, но и меѓународен карактер на кои Општината се покажа како добар организатор и домаќин. Оттука, не случајно голем број спортисти од Општината го носеле дресот со националниот грб. На турнирот учествуваа и многу светски познати екипи како Андерлехт, Партизан, Црвена Ѕвезда, Бешикташ...**



## „ДЕНОВИ НА СПОРТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Секоја година на спортските терени во Општината се одржува спортската манифестација „Денови на спорт на младите во Општина Илинден“. Во бројните натпревари учествуваат учениците од основните општински училишта, како и учениците од средното општинско стручно училиште „Илинден“, кои се натпреваруваат во футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, турнир во баскет за ученици од СОСУ „Илинден“, елементарни штафетни игри за ученици од одделенска настава. На најдобрите екипи им беа доделени соодветни пехари.




## СРЕДБА СО ТАЕКВОНДИСТИТЕ КОИ ДОНЕСОА 14 МЕДАЛИ

Градоначалникот Александар Георгиевски ги прими членовите на таеквондо клубот „Хулк Таеквондо Академија“, кои учествуваа на меѓународниот натпревар „Куп на Ниш“, во Србија, при што се закитија со 14 медали, од кои 6 златни, 7 сребрени и еден бронзен медал. „Хулк Таеквондо Академија“ е основана во 2012 година и брои над 70 активни членови, а она што е посебно интересно е податокот дека најмладиот член на клубот има само 4 години.



## ЏУДО ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН“

Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа Меѓународен џудо турнир „Скопје Опен“. Турнирот е во организација на џудо клубот „ИПОН“ од Скопје, а учествуваа над 250 учесници од џудо клубови од Македонија, Молдавија, Бугарија, Грција, Црна Гора, Косово, Србија, Албанија, Турција и Романија.

## ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ЏУДО И ЏИУ ЏИЦА

Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа државно првенство во џудо и џиу џица за категориите пионери и сениори. На првенството учествуваа 200 натпреварувачи од 14 екипи од повеќе градови од Македонија. По тој повод Градоначалникот ги прими членовите од клубот Хулк Академија - Центар за боречки вештини од Илинден кои на Државното натпреварување освоија повеќе златни, сребрени и бронзени медали.



# МЕЃУНАРОДЕН ФУДБАЛСКИ ТУРНИР „ИЛИНДЕН КУП“

Под покровителство на Градоначалникот, а во организација на Фудбалската школа „Гроздановски“, на спортските терени во Марино и во Кадино, се одржа меѓународниот фудбалски турнир „ИЛИНДЕН КУП“. На турнирот учествуваа 160 европски и македонски клубови со околу 2.000 учесници - деца на возраст од 8 до 12 години. Медалите и пехарите на најдобрите екипи на турнирот што две години по ред се одржува во Општината, покрај градоначалникот им ги доделија министерот за спорт, Борко Ристовски , селекторот на македонската фудбалска репрезентација, Благоја Милевски, фудбалските легенди Илија Најдовски, Вујадин Станојковиќ и Влатко Гроздановски.












# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ТАЕКВОНДО

Со учество на 350 натпреварувачи од Македонија и соседните држави, во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа Меѓународен турнир во таеквондо. Под покровителство на Општина Илинден и Македонската Таеквондо Федерација турнирот го организираше таеквондо клубот „Младост“.

# ПРОФЕСИОНАЛНА ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА „ТРОФЕЈ ИЛИНДЕН“

Традиционално секоја година во организација на Општината, а во соработка со Велосипедската федерација на Македонија, се одржува Велосипедската трка „Трофеј Илинден“ во должина од 100 километри. Трката е влезена во календарот на велосипедски трки на Велосипедската федерација на Македонија и се бодува за купот на нашата земја. На неа учествуваат 70-тина професионални велосипедисти од цела држава во 6 категории: У-23, јуниори, жени, кадети, мастерс и елит.

Стартната позиција на трката којашто е од кружен карактер, е од спортската сала „Гоце Делчев“ и се вози кон општинската зграда, надвозникот во населба Илинден кон Ајватовци, потоа Мршевци, Дељадровци, Текија, Миладиновци, Кадино, Марино и назад кон целта – спортската сала „Гоце Делчев“.

Награди на најдобро пласираните, како и жолти маички на победниците им додели покровителот на настанот, градоначалникот Александар Георгиевски.

Покрај професионалната трка се одржа и трката за рекреативци, на која со своите велосипеди учествуваа голем број особено млади велосипедисти.





## ОПШТИНА СО НАЈГОЛЕМ ИСЧЕКОР ВО ВЕЛОСИПЕДСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Општина Илинден е добитник на наградата за вело општини која ја доделува Здружението на граѓани „Центар за одржливи иницијативи“ заедно со групата ентузијасти со цел подобро велосипедско Скопје - „НаТочак“. Наградата за рурална општина со најголем исчекор во велосипедската инфраструктура и припадна на Општина Илинден затоа што покажа значителен и најголем напредок за разлика од останатите рурални општини, инвестирајќи во нова велосипедска инфраструктура - вело патеки и паркинзи.

## СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИ РАКОМЕТНИ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ

Тројца македонски ракометни репрезентативци Гоце Георгиевски, Жарко Пешевски и Давид Савревски беа гости на градоначалникот Александар Георгиевски. Во знак на благодарност, градоначалникот им додели благодарници за особен придонес за развојот и унапредување на спортот и промоција на Општина Илинден.






## ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА „ЕКСПЕДИЦИЈА НИЗ СРЦЕТО НА ИЛИНДЕН“

Со поддршка на Општината, а во организација на Здружението МТБ „Илинден“, се одржува велосипедска тура „Експедиција низ срцето на Илинден“. На настанот учествуваат велосипедисти од цела Македонија, а стартната позиција е од пред спортската сала „Гоце Делчев“. Велосипедската тура се вози по асфалтен и земјен пат низ предели на Општината и е во должина од околу 45 километри. Покрај велосипедската тура се одржува и едукативна работилница за деца, поддржана од Вело училишта наменета за децата од основните училишта.

## ШАМПИОНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕТСКАТА ЛИГА ВО ФУДБАЛ НА ПРИЕМ

Градоначалникот Александар Георгиевски приреди прием на членовите на ФК Гроздановски, кои го освоија шампионското место во Македонија со генерациите 2009 и 2013, на финалните натпревари од ФФМ Детска лига за сезона 2022 година.



## МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „ДРАГАНЧО СТОЈАНОВСКИ-ПРПЕ“

На спортскиот терен во Дељадровци се одржува Меморијален турнир во мал фудбал „Драганчо Стојановски-Прпе“. Турнирот се реализира со поддршка од Општината, а традиционално пехарите на најдобрите им ги доделува градоначалникот Георгиевски.



## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГО ПРИМИ ЛУКА ТРИФУНОВИЌ ОД БК „ИЛИНДЕН“



По повод освоеното прво место на Државното првенство во бокс, категорија јуниори, Градоначалникот го прими младиот боксер од Општината и член на Боксерскиот клуб „Илинден“, Лука Трифуновиќ. Тој досега има настапувано на повеќе домашни и меѓународни натпревари каде што има постигнато врвни резултати.

## РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ПЕНЗИОНЕРИ

Со поддршка на Општината, Здружението на пензионери „Илинден“ беше домаќин на 28. Регионални спортски игри на пензионери од првиот регион, што ги организираше Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Во натпреварите учествуваа девет здруженија на пензионери со околу 400 учесници коишто се натпреваруваа во повеќе спортски дисциплини, како тегнење јаже, атлетика, кошарка, пикадо, шах...



## МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

Во чест на трагично загинатиот припадник на безбедносните сили, Роберт Петковски кој беше член на фудбалскиот клуб „Бунарџик“, се одржува традиционален меморијален турнир во фудбал.



## МЕМОРИЈАЛЕН НАТПРЕВАР ВО ФУДБАЛ ЃОРЕ ДИМОСКИ-ЈОЦО И МАРЈАН ВЕЛКОВСКИ-КАРЕ

На спортскиот терен во Мралино се одржува Меморијален натпревар во фудбал во чест на Ѓоре Димоски-Јоцо и Марјан Велковски-Каре.



## МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ЏИУ ЏИЦУ „СКОПЈЕ ОПЕН“

Спортската сала „Гоце Делчев“ секоја година е домаќин на меѓународниот турнир во џиу џицу „Скопје Опен“, на кој настапуваат над 250 борци од Македонија, Германија, Австрија, Словенија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Турција, Србија и Босна и Херцеговина. Турнирот во организација на



Македонската џиу џица федерација, беше во три дисциплини во детски и во возрасни категории, машка и женска конкуренција. Посебни плакети за особен придонес во развојот на џиу џица спортот Македонската џиу џица федерација им додели на министерот за спорт Борко Ристовски, кој присуствуваше на натпреварите, како и на градоначалникот Александар Георгиевски.



## ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „МРШЕВЦИ“

Пред голем број љубители на фудбалот, на спортскиот терен во Мршевци се одржа традиционалниот турнир во мал фудбал „Мршевци“. Турнирот на кој учествуваат триесеттина екипи е поддржан од Општината, а Градоначалникот на најдобрите им додели пехари за постигнатите резултати.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ОД НОЕМВРИ **2021** ДО ЈУЛИ **2025** ГОДИНА

Издавач: Општина Илинден, Градоначалник: **Александар Георгиевски** | Уредник: **Ристо Томовски** | Технички уредник: **Антон Власов** | Лектор: **Маргарита Блажевска**
Адреса: улица „9“ број 38, населба Илинден | тел. (02) 2571-703; 2571-704 | e-mail: ilinden@ilinden.gov.mk | Печати: „Европа 92“ Кочани

- АВГУСТ 2025 -

ilinden.gov.mk